АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
НА АКЦИОНЕРИТЕ НА АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД
04.09.2024 година (среда)

Септември 2024, Охрид

ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"ОХРИДТУРИСТ"
Бр. 02-1031/8 2
26.07.2024 год.
ОХРИД

Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД согласно Одлуката за свикување Годишно Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД од 26.07.2024 година објавува

ЈАВЕН ПОВИК

За свикување и одржување Годишно Собрание на акционерите на
АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД

Седницата на Годишното Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД ќе се одржи на ден **04.09.2024 година (среда)** со почеток во 13:00 часот во просториите на седиштето на друштвото Хотел ПАЛАС – Охрид на Улица Партизанска број 8 Охрид.

За Годишното Собрание на акционери се предлага следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на председавач и работни тела.
2. Усвојување Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 14.07.2023 година.
3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати годишна сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2023 година, со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2023 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2023 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2023 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2023 година и одлучување по:
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2023 година;
   - Предлог одлука за усвојување на годишната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2023 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2023 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2023 година и одобрување работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2023 година.
4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2024 година.
5. Донесување на одлука во врска со Извештајот за извршени услуги од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје
6. Донесување на одлука во врска со инвестициите превземи од закупецот Теди Комерц ДООЕЛ Охрид

Акционерите на седницата можат да присуствуваат лично или можат да именуваат полномошник. Именувањето на полномошник се врши со нотарски заверено писмено полномошно. Акционерот треба веднаш писмено да го извести друштвото за секое

издадено полномошно. Акционер кој нема да го извести друштвото за дадено полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Услов за уважување на полномошно и верификација на инструкциите за гласање, акционерот, заради утврдување на личниот идентитет е должен известувањето за даденото полномошно да го достави до друштвото, да приложи и соодветен докумета за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице копија од лична карата или пасош,
2. За акционер правно лице тековна состојба од Централен регистар на на РМ во оригинал не постара од 10 дена.

За важечко ќе се смета и полномошно за застапување дадено од акционер на заверено од нотар. Акционерите или нивните полномошници може да учествуваат на седница на собранието и да го остваруваат правото на глас само под услов своето учество да го пријавиле пред одржување на Годишното Собрание, како и да поседуваат документ за лична идентификација.

Пријавување за учеството на Годишното Собрание акционерите го вршат со писмена пријава, а кон пријавата приложуваат заверено полномошно во оригинал и писмено известување од акционерот давател на полномошното како и фотокопија од документацијата наведена за идентификација.

Достави на полномошна и известувања се вршат во седиштето на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД на Улица Партизанска број 8, Охрид.

Се повикуваат акционерите или нивните полномошници навремено да го пријават своето учество на Годишното Собрание за уредно спроведување на процедурата за одржување на Собранието.

Акционери кои поединично или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за долонување на дневниот ред како и предлог одлуки поврзано по точките од дневниот ред со образложение. Акционерот барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред за работа на Годишното Собрание и предлагање на одлуките за усвојувањ можат да го достават во рок од осум дена од денот на објавата на Јавниот повик за одржување на Годишното Собрание на акционерите до Одборот на Директори.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја точка од дневниот ред на Годишното Собрание. Одговорите на поставените прашања друштвото ќе ги објави на својата интернет страница.

Заинтересираните лица и акционери можат да извршат увид и подигање на материјалите подготвени за Годишното Собрание во архива на друштвото секој работен ден во време од 12,00 – 14,00 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интеренет страница на друштвото www.ohridturist.mk.

АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Борче Илиоски с.р.

ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"ОХРИДТУРИСТ"
Бр. 02-10317 2
26.07.2024 год.
ОХРИД

Врз основа на член 71 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД Одборот на директори на друштвото на седницата одржана на ден 26.07.2024 година ја донесе следната

О Д Л У К А
За свикување Годишно Собрание на акционерите на
АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД

1. Одборот на директори на друштвото свикува Годишно Собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД на ден **04.09.2024 година (среда)** со почеток во 13:00 часот во седиштето на друштвото на Улица Партизанска број 8 Охрид.

2. За Годишното Собранието на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД се предлага следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Избор на председавач и работни тела.
2. Усвојување Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 14.07.2023 година.
3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати завршната сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2023 година, со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2023 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2023 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2023 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2023 година и одлучување по:
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2023 година;
   - Предлог одлука за усвојување на годишна сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2023 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2023 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2023 година и одобрување работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2023 година.

4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2024 година.
5. Донесување на одлука во врска со Извештајот за извршени услуги од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје
6. Донесување на одлука во врска со инвестициите превземи од закупецот Теди Комерц ДООЕЛ Охрид

3. За свикување на Годишното Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД да се подготви Јавен Повик за свикување и објавување во еден од дневните весници на територијата на Република Северна Македонија, како и по секоја од точките

од дневниот ред утврдени со оваа одлука да се подготват предлог одлуки за донесување и усвојување од Годишното Собранието на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД.

4. Составен дел на оваа одлука се текст Јавен Повик за свикување на Годишно Собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД и текст на предлог Одлуки по точките од дневниот ред за донесување на Годишното Собранието на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД.

5. Одлуката влегува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Борче Илиоски

Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД согласно Одлуката за свикување Годишно Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД од 26.07.2024 година објавува

ЈАВЕН ПОВИК

За свикување и одржување Годишно Собрание на акционерите на
АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД

Седницата на Годишното Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД ќе се одржи на ден 04.09.2024 година (среда) со почеток во 13:00 часот во просториите на седиштето на друштвото Хотел ПАЛАС – Охрид на Улица Партизанска број 8 Охрид.

За Годишното Собрание на акционери се предлага следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на председавач и работни тела.
2. Усвојување Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 14.07.2023 година.
3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати годишна сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2023 година, со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2023 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2023 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2023 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2023 година и одлучување по:
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2023 година;
   - Предлог одлука за усвојување на годишната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2023 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2023 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2023 година и одобрување работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2023 година.
4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2024 година.
5. Донесување на одлука во врска со Извештајот за извршени услуги од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје
6. Донесување на одлука во врска со инвестициите превземи од закупецот Теди Комерц ДООЕЛ Охрид

Акционерите на седницата можат да присуствуваат лично или можат да именуваат полномошник. Именувањето на полномошник се врши со нотарски заверено писмено полномошно. Акционерот треба веднаш писмено да го извести друштвото за секое издадено полномошно. Акционер кој нема да го извести друштвото за дадено полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Услов за уважување на полномошно и верификација на инструкциите за гласање, акционерот, заради утврдување на личниот идентитет е должен известувањето за даденото полномошно да го достави до друштвото, да приложи и соодветен докумета за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице копија од лична карата или пасош,
2. За акционер правно лице тековна состојба од Централен регистар на на РМ во оригинал не постара од 10 дена.

За важечко ќе се смета и полномошно за застапување дадено од акционер на заверено од нотар. Акционерите или нивните полномошници може да учествуваат на седница на собранието и да го остваруваат правото на глас само под услов своето учество да го пријавиле пред одржување на Годишното Собрание, како и да поседуваат документ за лична идентификација.

Пријавување за учеството на Годишното Собрание акционерите го вршат со писмена пријава, а кон пријавата приложуваат заверено полномошно во оригинал и писмено известување од акционерот давател на полномошното како и фотокопија од документацијата наведена за идентификација.

Достави на полномошна и известувања се вршат во седиштето на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД на Улица Партизанска број 8, Охрид.

Се повикуваат акционерите или нивните полномошници навремено да го пријават своето учество на Годишното Собрание за уредно спроведување на процедурата за одржување на Собранието.

Акционери кои поединично или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за долонување на дневниот ред како и предлог одлуки поврзано по точките од дневниот ред со образложение. Акционерот барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред за работа на Годишното Собрание и предлагање на одлуките за усвојувањ можат да го достават во рок од осум дена од денот на објавата на Јавниот повик за одржување на Годишното Собрание на акционерите до Одборот на Директори.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја точка од дневниот ред на Годишното Собрание. Одговорите на поставените прашања друштвото ќе ги објави на својата интернет страница.

Заинтересираните лица и акционери можат да извршат увид и подигање на материјалите подготвени за Годишното Собрание во архива на друштвото секој работен ден во време од 12,00 – 14,00 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интеренет страница на друштвото www.ohridturist.mk.

АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Борче Илиоски с.р.

Т.1. Избор на Претседавач на Собранието и работни тела;

Т.2. Усвојување Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 14.07.2023 година.

ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ОХРИДТУРИСТ - Охрид

Примено: 14.07.2023			
Орг. един.	Број	Прилози	Вредност
02	109		

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

Република Северна Македонија
НОТАР
Васил Кузманоски
ОХРИД
Бул:"Македонски Просветители", 5
за подрачјето на Основен суд Охрид
14.07.2023 година
(четиринаесетти јули двеилјадидваесетитрета година)
13.00 часот (тринаесет часот)

Јас, нотар Васил Кузманоски од Охрид Булевар "Македонски Просветители" број 5, денес 14.07.2023 година (ден четиринаесетти, месец јули, двеилјадидваесетитрета година) на писмено Известување за Собрание на акционери број 03-77 од 08.06.2023 година на Генералниот директор на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид-Оливера Ставрова присуствував на Собранието на акционери на Хотелско-угостителското акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид, со седиште на улица "Партизанска" број 8 во просториите на хотел "Палас" Охрид, кое се одржа на денешен ден 14.07.2023 година во просториите во нивното седиште во Охрид на улица "Партизанска" број 8 Охрид, со почеток во 13.00 часот (тринаесет часот), при што согласно член 92 од Законот за нотаријатот (Службен весник на Република Македонија број 72/16) и член 407 од Законот за трговски друштва го составив следниот:----------

----

----------**ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ**----------
----------**НА ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКОТО АКЦИОНЕРСКО**----------
----------**ДРУШТВО ОХРИДТУРИСТ Охрид**----------

Пред отпочнувањето на Собранието на мое барање ми беше предочена:-------

1. Тековната состојба број 0805-50/150020230004396 од 14.07.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија како електронски издаден документ----------
2. Одлука за свикување Годишно Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид со број 02-76/4 од 05.06.2023 година донесена од Одборот на директори на Хотелско-угостителското акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид ----------
3. Акционерска книга на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид. Од увидот во истата утврдив дека е во печатена форма, има печат од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и истата е со состојба на ден 13.07.2023 година во 10:16:32 часот и дека Акционерската книга се состои од 47 (четириесетиседум) иматели на обични акции, истата содржи комплет податоци за имателите на акции и дека вкупниот номинален капитал изнесува 6030185 ЕУР, со вкупен број на гласови 172.291, односно една акција-еден глас----------
4. Јавен повик објавен во весникот "Вечер" на ден 08.06.2023 година на една половина страна со кој се повикуваат сите акционери или од нив ополномоштени лица да присуствуваат на Седница на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид со седиште на улица "Партизанска" број 8 на ден 14.07.2023 година, со почеток во 13.00 часот, во просториите на хотел "Палас" на улица "Партизанска" број 8 Охрид----------
5. Статут на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид број 02-589/4-1 од 22.08.2012 година----------
6. Список на присутни акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид и ополномоштени лица пријавени за учество на Собранието одржано на ден 14.07.2023 година, кој содржи име и презиме на акционерот, адреса,

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

полномошник, број на акции и потпис. Од наведениот список на седницата се присутни вкупно 9 (девет) акционери и нивни застапници и тоа:----------
1. ДРАГАНА ЈАНЕВСКА од Скопје со адреса: улица "Владимир Полежиновски" број 14 Скопје-Центар, со ЕМБГ 0305975455039 која е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Миле Бундовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Христо Татарчев" број 47/3-41 Скопје-Кисела Вода со ЕМБГ 3010956450043 и број на л.к. А1622997 издадена од МВР Скопје на ден 08.04.2014 година со Полномошно заверено под број УЗП 5035/2023 од 29.06.2023 година од помошник-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
2. ЈАНЕ ЈАНЕВСКИ од Скопје со адреса: улица "Васил Ѓоргов" број 28-31 Скопје-Центар, со ЕМБГ 1803977450224 кој е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Миле Бундовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Христо Татарчев" број 47/3-41 Скопје-Кисела Вода со ЕМБГ 3010956450043 и број на л.к. А1622997 издадена од МВР Скопје на ден 08.04.2014 година со Полномошно заверено под број УЗП 5036/2023 од 29.06.2023 година од помошник-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
3. КИРИЛО ЈАНЕВСКИ од Скопје со адреса: улица "Скупи 6" број 33А Скопје-Карпош, со ЕМБГ 0809998450008 кој е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Миле Бундовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Христо Татарчев" број 47/3-41 Скопје-Кисела Вода со ЕМБГ 3010956450043 и број на л.к. А1622997 издадена од МВР Скопје на ден 08.04.2014 година со Полномошно заверено под број УЗП 5037/2023 од 29.06.2023 година од помошник-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
4. Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ, со адреса: Населено место без уличен систем Косел Охрид, со ЕМБС 4211847, кој е сопственик на 50193 акции и гласови, преку полномошник Адвокат Аце Ѓоршевски од Охрид, со адреса на живеење на улица "Партизанска" број 63 Охрид со ЕМБГ 1009966430002 и број на л.к. А1787043 издадена од МВР Охрид на ден 13.12.2014 година со Полномошно број 03-151/1 од 11.07.2023 година заверено под број УЗП 2323/2023 од 13.07.2023 година од Нотар Васил Кузманоски од Охрид-------
5. ЏЕМАЛ РАХМАН од Охрид со адреса: улица "Абас Емин" број 44 Охрид, со ЕМБГ 1707960430018 и број на л.к. А1937187 издадена од МВР Охрид на ден 30.11.2017 година кој е сопственик на 447 акции и гласови----------
6. Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје, со адреса: улица "810" број 2 Скопје-Гази Баба, со ЕМБС 5212855, кој е сопственик на 75021 акции и гласови преку полномошник Адвокат Антонио Велкоски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Бул.Партизански Одреди" број 27А-10 Скопје-Центар со ЕМБГ 1809991450073 и број на л.к. М0215786 издадена од МВР Скопје на ден 09.03.2023 година со Полномошно број 0201/31 од 06.07/2023 година заверено под број УЗП 5572/2023 од 13.07.2023 година од помошник-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
7. ЦВЕТА НАУМОСКА од Охрид со адреса: улица "Дејан Војвода" број 45/4-10 Охрид, со ЕМБГ 1003945435006 и број на л.к. А2174643 издадена од МВР Охрид на ден 02.06.2018 година кој е сопственик на 341 акции и гласови----------
8. БЛАГУНА ЧЕКРЕЦИОСКА од Охрид со адреса: улица "Бул. Туристичка" број 98/1-8 Охрид, со ЕМБГ 0803960435015 и број на л.к. М0005214 издадена од МВР Охрид на ден 15.01.2022 година кој е сопственик на 303 акции и гласови---------
9. СЛАВЕ АНДОНОСКИ од Охрид со адреса: улица "Бул. Туристичка" број 50-2 Охрид, со ЕМБГ 1710947430018 и број на л.к. А2399923 издадена од МВР Охрид на ден 16.01.2020 година кој е сопственик на 936 акции и гласови----------

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

Собранието го отвори Антонио Велкоски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Бул.Партизански Одреди" број 27А-10 Скопје-Центар со ЕМБГ 1809991450073 и број на л.к. М0215786 издадена од МВР Скопје кој изјави дека ја отвара оваа седница на Собранието на акционери на"ОХРИДТУРИСТ" АД Охрид со оглед на тоа што бил претседавач на седницата на претходното Собрание на акционери на "ОХРИДТУРИСТ" АД Охрид кое се одржа на ден 21.09.2022 година и ги поздрави присутните----------

Антонио Велкоски изјави дека му причинува посебна чест и задоволство, да ја отвори Седницата на Собранието на акционери на "ОХРИДТУРИСТ" АД Охрид. Ги извести присутните акционери дека Собранието е закажано со јавен повик кој е објавен во дневниот весник "Вечер" на ден 08.06.2023 година со точки на дневниот ред објавени во повикот----------

Антонио Велкоски истакна дека за да може Собранието да започне со својата работа потребно е да се утврди дали за работата на Собранието постои кворум, Собранието да се одржи и полноважно да одлучува.----------

Имено, согласно акционерската книга на друштвото која е издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност на ден 13.07.2023 година, вкупниот број на акции со право на глас изнесува 172291, односно за да може Собранието да работи, потребно е на седницата да бидат присутни акционери, односно ополномоштени лица со преставени 86146 гласа.----------

Антонио Велкоски исто така истакна дека врз основа на списокот на присутни акционери од нив ополномоштени лица, на седницата се присутни следните акционери, односно ополномоштени лица: Драгана Јаневска, Јане Јаневски и Кирило Јаневски сите преку полномошник Миле Бундовски, Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ преку полномошник адвокат Аце Ѓоршевски, Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје преку полномошник адвокат Антонио Велкоски од Скопје, Џемал Рахман, Цвета Наумоска, Благуна Чекреџиоска и Славе Андоноски. Тој изјави дека врз основа на извршената споредба на пријавените акционери со состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржување на Собранието, констатираше дека присутните акционери и ополномоштени лица се потпишани во списокот на присутни акционери или нивни полномошници и истите преставуваат 139.958 гласови, или 81,23 % од вкупните акции со право на глас во друштвото, така што констатира дека Собранието има кворум за работа и може полноважно да одлучува.----------

Антонио Велкоски ги извести присутните акционери и ополномоштени лица дека Записникот за денешната седница на Собранието на акционери ќе го води нотар Васил Кузманоски од Охрид и предложи нотарот да го заземе своето место.-

Антонио Велкоски истакна дека акционерите можат да извршат увид во списокот на присутни акционери и да побараат препис од истиот----------

Антонио Велкоски исто дека за да може Собранието да работи и полноважно да донесува одпуки потребно е да се избере Претседавач, и два бројачи на гласови, при што се пристапи кон избор за Претседавач на Собранието и бројачи на гласови.----------

Антонио Велкоски изјави дека Претседавачот на Собранието се избира за секое одделно Собрание, а за Претседавач може да биде избран секој акционер или лице кое го застапува акционерот, но истиот не може да биде член на органот на управување во друштвото.----------

Од страна на Миле Бундовски за Претседавач на денешното Собранието беше предложен Адвокат Антонио Велкоски кој е всушност полномошник на акционерот Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје. Друг предлог немаше. Се премина кон гласање за претседавач. Предлогот беше ставен на гласање. Се гласаше

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

јавно, при што "За" гласале 139.958 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------

Се констатира дека за претседавач на денешното собрание е избран Антонио Велкоски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Бул.Партизански Одреди" број 27А-10 Скопје-Центар со ЕМБГ 1809991450073 и број на л.к. М0215786 издадена од МВР Скопје на ден 09.03.2023 година со 139.958 гласови "За"----------

Претседавачот Антонио Велкоски се заблагодари за повторно укажаната доверба и истакна дека со оглед на тоа да Записникот на денешното Собрание ќе го води Нотар Васил Кузманоски потребно е да се премине на избор на двајца бројачи на гласови и за бројачи на гласови од страна на претседавачот Антонио Велкоски беа предложени лицата: Цветанка Савеска и Мирјана Кузманоска. Друг предлог за бројачи на гласови нема----------

Предлогот Цветанка Савеска да се избре за бројач на гласови беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 139.958 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Цветанка Савеска е избрана за бројач на гласови со 139.958 гласови "За"----------

Предлогот Мирјана Кузманоска да се избре за бројач на гласови беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 139.958 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Мирјана Кузманоска е избрана за бројач на гласови со 139.958 гласови "За"----------

Претседавачот Антонио Велкоски истакна дека за денешнато Собрание на акционери е предложен следниот:----------

----------**ДНЕВЕН РЕД**----------

1. Избор на Претседавач и работни тела----------
2. Усвојување на Записник од седница на Собранието на акционери одржана на ден 21.09.2022 година----------
3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати завршната сметка и годишната пресметка од работењето на АД "ОХРИДТУРИСТ" Охрид во 2022 година со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО "МУР СТИВЕНС"-Скопје за 2022 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2022 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2022 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2022 година и одлучување по:----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на "АД ОХРИДТУРИСТ" Охрид во 2022 година----------
-Предлог одлука за усвојување на завршната сметка и резултатите од работењето на "АД ОХРИДТУРИСТ" Охрид за 2022 година----------
-Предлог Одлука за распределба на остварената добивка АД ОХРИДТУРИСТ" Охрид во 2022 година----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО "МУР СТИВЕНС"-Скопје за 2022 година----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2022 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на друштвото во 2022 година ----------
4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД "ОХРИДТУРИСТ" Охрид за 2023 година----------
5. Донесување на одлука за отпочнување постапка за структурални-статусни промени во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, со издвојување на акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ Охрид----------

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

Претседавачот Антонио Велкоски истакна дека во законски утврдениот рок од осум дена не се доставени барања за нови точки на дневниот ред и го постави прашањето дали некој има забелешки на предложениот дневен ред--
Со оглед на тоа што никој во законски предвидениот рок не истакнал предлог за дополнување на дневниот ред, тој констатира дека Собранието на денешната седница, ќе работи по објавениот дневен ред:----------
Се пристапи кон гласање по предложениот дневен ред. Предлогот беше ставен на гласање. Се гласаше јавно, при што "За" гласале 139.958 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------
Претседавачот констатира дека е усвоен предложениот дневен ред со 139.958 гласови "За" и денешното Собрание на акционери ќе работи по истиот----------
Претседавачот Антонио Велкоски истакна дека веќе е исцрпена **првата точка од дневниот ред,** избрани се претседавач и работни тела, поради што се премина на **втората точка од дневниот ред** "Усвојување на Записник од седница на Собранието на акционери одржана на ден 21.09.2022 година"----------
Претседавачот истакна дека Записникот од седницата на Собранието на акционери одржана на ден 21.09.2022 година е доставен во материјалите за денешната седница и со истиот се запознати присутните акционери----------
Претседавачот постави прашање дали некој од присутните има забелешки на Записникот од седницата на Собранието на акционери одржана на ден 21.09.2022 година----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски како полномошник на Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ кој истакна дека нема забелешки на Записникот од претходната седница, но има неколку прашања кои се однесуваат на претходно поставени прашања за кои до сега не добил никаков одговор, ниту биле поставени одговори на web страната на Друштвото како би се запознале и сите останати акционери----------
За збор се јави Претседавачот Антонио Велкоски кој истакна дека сега треба да се истакнат забелешки доколку ги има на Записникот.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна да се констатира дека не се објавени прашањата и одговорите на нив и смета доколку има прашања од акционерите истите треба да бидат одговорени и да се објават на web страната за да бидат запознати сите акционери----------
Претседавачот Антонио Велкоски побара дали некој друг се јавува за збор по оваа точка од дневниот ред----------
За збор се јави акционерот Славе Андоноски кој постави прашање за вкупниот број на акции кој сега изнесуваат 179.291 акција, а во фазата на приватизација беа 120.000 акции и на што се должи тој зголемен број на акции----------
За збор се јави Миле Бундовски кој истакна дека оваа дискусија нема никаква врска со точката по Записникот како и тоа дека Акционерската книга ја издава Централниот депозитар за хартии од вредност, дека приватизацијата беше пред 30 години и ова прашање акционерот треба да го постави пред Централниот депозитар за хартии од вредност----------
Со оглед на тоа да никој не се јави за збор се премина на гласање----------
Предлогот беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 139.958 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------
Претседавачот констатира дека е усвоен Записникот од седницата на Собранието *на акционери одржана на* ден 21.09.2022 година со 139.958 гласови "За"----------

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

Се премина со работа на **третата точка од дневниот ред**:----------
Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати завршната сметка и годишната пресметка од работењето на АД "ОХРИДТУРИСТ" Охрид во 2022 година со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО "МУР СТИВЕНС"-Скопје за 2022 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2022 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2022 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2022 година и одлучување по:----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на "АД ОХРИДТУРИСТ" Охрид во 2022 година----------
-Предлог одлука за усвојување на завршната сметка и резултатите од работењето на "АД ОХРИДТУРИСТ" Охрид за 2022 година----------
-Предлог Одлука за распределба на остварената добивка АД ОХРИДТУРИСТ" Охрид во 2022 година----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО "МУР СТИВЕНС"-Скопје за 2022 година----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2022 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на друштвото во 2022 година----------
Претседавачот даде предлог да се разгледаат прво сите материјали по оваа точка од дневниот ред па потоа да се отвори дискусија по истите и праша дали некој се јави за збор----------
За збор се јави Генералниот директор на АД "ОХРИДТУРИСТ" Охрид, Оливера Ставрова, која поднесе Извештај за финансиското работење на друштвото за 2022 година истакнувајќи дека АД "ОХРИДТУРИСТ" Охрид во 2022 година продолжи да ја обавува својата дејност со истите закупци како и во 2021 година под истите услови, а со тоа овозможувајќи покривање на сите трошоци за оперативно работење, трошоците за вработени и дополнително обезбедувајќи парични средства за покривање на амортизацијата на годишно ниво и создавајќи фонд за инвестиционо одржување на друштвото. На тој начин вкупната аактива на друштвото со состојба на ден 31.12.2022 година изнесува 411.056.216,00 денари, при што со најголемо учество се материјалните средства со 84,30 % или во вредност 346.522.346,00 денари, тековните средства се во износ од 64.490.019,00 денари во кои има значително зголемување на паричните средства кои во период од една година од 24.283.972,00 денари на 31.12.2022 година се на износ од 32.002.787,00 денари. Од овие парични средства 20.000.000,00 денари се депонирани како 4 (четири) депозити од по 5.000.000,00 денари, тоа се всушност оние парични средства кои се обезбедуваат за покривање на амортизација за идни инвестициони активности. Во структурата на пасивата најголемо учество се главнината и резервите кои се во износ од 391.155.178,00 денари или 95,16 % од вкупната вредност на пасивата, а краткорочните обврски се во износ од 9.106.156,00 денари и тие се однесуваат за недоспеани обврски кон добавувачи и обврски за бруто плата за месец 12 од 2022 година кои се исплатени во месец јануари 2023 година. АД "ОХРИДТУРИСТ" Охрид 2022 година ја заврши со добивка од 3.163.649,00 денари како резултат на разлика на вкупни приходи во износ од 66.292.740,00 денари и вкупни расходи од 62.768.849,00 денари. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество имаат приходите кои се остварени од наемнини во износ од 38.655.561,00 денари, приходи од префактурирање на трошоци кон закупците во износ од

26.838.121,00 денари, приходи од префактурирање на бруто плати за вработени кон закупците кои имаат преземено обврска во годините на назад да ги покриваат и сите обврски кон вработени по основ на Закон за работни односи и колективен договор и тие на годишно ниво се во износ од 9.187.766,00 денари. Од вкупните расходи најголемо учество има амортизацијата која е во износ од 20.609.702,00 денари, бруто платите на вработените во целото друштво се во износ од 15.508.275,00 денари, енергијата е во износ од 16.948.939,00 денари и од останатите трошоци како поголем износ се отписот на ситен инвентар на годишно ниво од 1.444.337,00 денари. Сите останати трошоци се во помал износ и се дел од трошоци кои се за оперативно работење на друштвото. Сите побарувања се намируваат навремено, обврските се плаќаат на денот на доспевањето. Всушност бидејќи АД "ОХРИДТУРИСТ" Охрид нема дејност од туризам во најголем дел приходите се од издавање под закуп на објектите кои се сопственост на друштвото.----------

По излагањето на Генералниот директор на АД "ОХРИДТУРИСТ" Охрид, претседавачот збор му даде на претставникот на ревизорската куќа ДОО "МУР СТИВЕНС"-Скопје, Костадинка Китаноска. Имено, претставникот на ревизорската куќа ДОО "МУР СТИВЕНС"-Скопје, Костадинка Китановска, најпрво им се заблагодари на раководството и другите служби на АД "ОХРИДТУРИСТ" Охрид за соработката и за довербата што им ја изразиле за ревизија на финансиските извештаи на друштвото. Потенцира дека изготвувањето на финансиските извештаи е одговорност на раководството на друштвото, а задача на ревизорската куќа е да потврдат дали тие финансиски извештаи се изготвени согласно меѓународните ревизорски стандарди прифатени и објавени во Република Северна Македонија и дали објективно во сите материјални аспекти ја изразуваат финансиската состојба и резултатите од работењето. Исто така истакна дека работата на ревизорската куќа е извршена согласно меѓународните стандарди за ревизија кои се прифатени и објавени во Службен Весник и според нивното мислење финансиските извештаи на АД "ОХРИДТУРИСТ" Охрид ја презентираат објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба, финансиската успешност и паричните текови.----------

По излагањето на претставникот на ревизорската куќа ДОО "МУР СТИВЕНС"-Скопје претседавачот отвори расправа и за збор се јави адвокат Аце Ѓоршевски како полномошник на акционерот Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ. Адвокат Аце Ѓоршевски се осврна прво на излагањето на генералниот директор околу Извештајот за финансиското работење на друштвото за 2022 година и тоа по однос на истакнатите наводи на генералниот директор дека навремено се наплаќаат сите побарувања на друштвото. Истакна дека во извештајот има анализа од аспект на тоа од кој тип на приходи се остваруваат најголеми средства на друштвото и тоа е неспорно од изнајмување на простор и евидентирани побарувања од 29.253.306,00 денари, па запраша дали овој податок е даден како податок за побарувања кои се наплатени или остануваат за наплаќање, на што генералниот директор одговори дека се работи за побарувања кои остануваат за наплаќање, при што истакна дека закупците навремено си ги плаќаат обврските на денот на доспевање, а на тие што немаат платено им се праќаат опомени и во секој случај си ги намируваат обврските кои им се преземени со Договорите за закуп. Адвокат Аце Ѓоршевски запраша дали е

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

промената состојбата за ненаплатените побарувања во износ од 29.253.308,00 денари до денес, на што генералниот директор изјави дека секако има промена бидејќи на некои закупци им се фактурира месечно на некои тромесечно, а некои се годишни, но навремено се наплаќаат сите побарувања.----------

Понатаму, адвокат Аце Ѓоршевски постави прашања за одржана Седница на Одбор на директори одржана на ден 20.04.2022 година, каде една од точките на дневен ред е разгледување на барање на КАМПИНГ 2020-закупец на автокамп Љубаништа за реконструкција и реновирање на ресторанот во автокампот и пренамена на ресторанот. Имено, запраша дали е постапено по тоа барање на закупецот, дали е одобрено тоа барање и да се даде информација во што се состоеше тоа барање на закупецот КАМПИНГ 2020. Генералниот директор одговори дека барањето се однесува за реконструкција на ресторанот во автокамп Љубаништа, истото е разгледано, известен е закупецот за истото и е одобрено за реконструкција на ресторанот за да може да се пушти во функција, но не е одобрено за пренамена. Понатаму адвокат Аце Ѓоршевски запраша дали овој закупец навремено ги исполнува обврските по Договорот за закуп со оглед на тоа што имал сознанија дека не се исполнуваат обврските по Договорот со оглед на тоа дека се работело за сериозни обврски кои се преземени со Договорот, на што Генералниот директор изјави дека обврските се почитуваат од страна на закупецот. Адвокат Аце Ѓоршевски постави уште едно прашање, при тоа изјави дека не видел лично, но имал сознанија дека во автокампот имало изнајмени локации на кои биле реализирани градби, но не во смисла на поставени приколки, туку реализирани градби, а со оглед на тоа што по Договорот се преземени обврски за контрола на состојбите, а како би немало во иднина штети по друштвото, па во тој сегмент запраша дали е контролирано тоа од Одборот на директори за да може таму да се види што се случува, бидејќи во минатото во автокампот Љубаништа ништо не можело да се направи без согласност од Општина Охрид, па потребно било да се утврди дали друштвото има совесен и одговорен закупец, за во иднина да не дојде до ситуација некој да бара сопственички права и слично. На ова прашање генералниот директор одговори дека до сега се правени проверки, но доколку за оваа сезона има некои дополнителни сознанија најдобро е лица од интерна ревизија да отидат на лице место и да се проконтролира состојбата, но во секој случај сите Одлуки и согласности за инвестиција што се носени од страна на Одборот на директори се носени во насоки на законски прописи. Адвокат Аце Ѓоршевски уште еднаш истакна дека целта му е да нотира дека во автокампот Љубаништа не смее да се вршат активности без соодветно одобрение од надлежен орган бидејќи може да има последици по тоа, и воедно контролите треба да се извршат од аспект на тоа кои обврски закупецот ги има преземено по договорот, финансискиот аспект да се види во смисла што обврски за финансии има преземено, дали е нешто реализирано, направено или не е направено и дали има нешто надвор од тоа и од кој е направено. Генералниот директор уште еднаш изјави дека закупецот согласно Договорот за закуп не смее да преземе ниту една инвестиција без согласност од Одборот на директори, а во случај да го прават тоа тие си го загрозуваат Договорот, односно би можело да дојде до раскинување на Договорот, но во секој случај добро е да се провери со оглед на наведените сознанија.----------

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

Понатаму, адвокат Аце Ѓоршевски постави прашање до генералниот директор со оглед на тоа што е помината повеќе од половина година од кога се дадени податоците во извештајот дали има податок дали во делот на плаќањето на обврските на закупците дали има некој проблематичен закупец во делот на исполнување на обврските со оглед на тоа што договорите се со клаузули на извршни исправи. Генералниот директор Оливера Ставрова одговори дека до пред почетокот на оваа сезона постоел проблем со закупецот на хотел Десарет-ТЕДИ Комерц, но после опомена и дадена динамика на плаќање обврската е исполнета. Имено најголеми закупци изјави дека се закупците на хотел Десарет и автокампот Љубаништа, а сите останати се со многу помало учество во вкупната структура на приходи. Изјави дека одборот на директори го има во предвид сезонскиот карактер на собирање и реализирање на приходи и поради тоа се дава дополнителна можност и покрај сите обезбедувања што ги има друштвото со Договорите со извршни клаузули, но изјави дека смета дека не би имале дополнителни проблеми со оглед на тоа што самите закупци се заинтересирани да си ги почитуваат обврските по договорот и тоа 5 (пет) години што го има ТЕДИ Комерц и 10 (десет) години КАМПИНГ 2020. Воедно изјави дека податоците за закупците во Извештајот се за работењето од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, а останатото е тековно. Адвокат Аце Ѓоршевски изјави дека не е даден податок кој партиципира во дел од обврските со оглед на тоа што се работи за голема цифра од околу 500.000,00 евра или околу 29.000.000,00 денари, а генералниот директор изјавува дека е променет податокот, во Извештајот не се дава информација кој е тој што не ги исполнил обврските, а потребно е да се известат акционерите кој е плаќач, а кој должи.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски понатаму постави прашање во однос на одржана седница на Одбор на директори на ден 23.12.2022 година, каде е склучен Договор за консултантски услуги со АЛФА ОДИТ ДООЕЛ Скопје, па побара појаснување за што е склучен овој Договор, на што Генералниот директор одговори дека се однесува за внатрешниот ревизор----------

Понатаму Адвокат Аце Ѓоршевски се осврна на Предлог одлуката за распоредба на добивката и тоа во делот каде што е констатирано дека предлог е со остварената нето добивка да се покријат загуби од минати години. Наведе дека минатата година имало дискусија токму на оваа точка, кога адвокатот Аце Ѓоршевски побарал да му се даде образложение зошто минатата година не се покривале загуби од претходни години, туку се одело на инвестициона активност и поради тоа сега прашува дали е така прокнижано како минатата година или има сега покривање на загуби од претходни години и по минатогодишната добивка. На ова прашање Генералниот директор одговори дека таа си стои нераспределена и не е искористена таа законска можност бидејќи тоа повеќе нема да важи бидејќи е во процедура промена на Законот, односно тоа веќе нема да постои во даночниот биланс и поради тоа не го искористиле ниту минатата ниту оваа година затоа што веќе немало ни да постои во законот реинвестирана добивка и морало да се покријат загуби од претходни години. Затоа за минатата година си стои во акумулирана нераспределена добивка затоа што не ја искористиле.----------

Потоа адвокат Аце Ѓоршевски се осврна во делот на Извештајот за извршена ревизија и изјави дека во најмала рака е несериозен и

неодговорен пристапот во изготвувањето на истиот бидејќи читајќи го истиот се добива впечаток дека се однесува на друго друштво, а не на АД Охридтурист, на друштво кое има двостепен систем на управување Управен одбор и Надзорен одбор, внатрешниот ревизор комуницирал со надзорниот одбор и со управниот одбор, понатаму се кажува дека е извршена ревизија со согласност од надзорен орган на Винарска визба ТИКВЕШ. Изјави дека е многу збунувачки тоа и сега не се знае дали е правен извештајот за АД Охридтурист или пак за друг субјект, затоа што ова како материјал ги гледал Одборот на директори, а ниту ревизорот видел за кој пишувал ниту Одборот на директори го видел како материјал а воедно се кажува дека е донесена Одлука пак истиот да биде внатрешен ревизор на друштвото. Наведе дека е ова негова сериозна забелешка во пристапот на внатрешниот ревизор кон одговорноста која ја има по закон да даде внатрешна ревизија, информација пред акционерите. Генералниот директор изјави дека се работи за техничка грешка----------

Адвокат Аце Ѓоршевски изјави дека има уште една констатација во однос на ревизијата со оглед на тоа што веќе 18-19 години друштвото има иста ревизорска куќа да врши ревизија на работењето, за што и поставил прашање минатата година на кое му било одговорено дека точно е дека е иста ревизорска куќа, но ревизијата ја вршат различни ревизори и дека во тој дел нема законска пречка. Исто така минатата година изјави дека поставил прашање бидејќи има судски спорови кои се во големи милионски износи, но ревизорот не ги гледал како ризик во ревизорскиот извештај, на што од ревизорската куќа било одоговорено дека нема проблем бидејќи предметот бил во судска постапка, а од минатата година до оваа година има промена односно има првостепена пресуда каде што друштвото има обврска да плаќа, но повторно не е направена анализа, па запраша дали на ревизорот му е дадена информација од аспект на можни ризици. На ова прашање присутниот ревизор одговори дека тоа е обелоденето во финансиските извештаи во делот на потенцијални обврски, а обврска на ревизорската куќа не е да го анализира друштвото и да кажува дали е ризично или не е ризично, дали работи успешно, туку ревизорот кажува дали финансиските извештаи заедно со сите белешки последователни даваат информации и дали ги обелоденуваат сите настани што се случени во тековната година и дали објективно ги презентираат ситуациите во друштвото. Имено, бројките што се прикажани ревизорот ги потврдил ги документирал и видел дека се обелоденети вклучувајќи го и судскиот спор, така што ревизорот нема право нити овластување да коментира понатаму, бидејќи не е ниту адвокат ниту судија, за да процени дали постои некој ризик. На ова, адвокат Аце Ѓоршевски запраша дали ревизорот нема обврска да коментира такво нешто за да знаат акционерите, туку само да стои како приказ даден во ревизорскиот извештај дека има судски спор и тоа е доволно, на што присутниот ревизор одговори дека тие тврдат дека финансиските извештаи што се одговорност на менаџментот објективно ја презентираа состојбата во друштвото, а акционерите си го имаат целиот комплетен финансиски извештај и може да си го разгледуваат, освен доколку ревизорот смета дека со некој настан е доведен во прашање континуитетот и постоењето на друштвото, па во тој случај може да се обрне внимание на континуираното работење во иднина. Повторно запрашан од адвокатот Аце Ѓоршевски дали ревизорот смета дека судскиот спор не може да влијае, истиот одговори дека смета дека нема проблем за

друштвото.----------
За збор се јави Џемал Рахман кој изјави дека во поранешните извештаи на ревизорската куќа имало препораки на последната страна за ризици но сега за жал такви препораки не гледал----------
Адвокат Аце Ѓоршевски повторни се јави за збор и и изјави дека сака да констатира дека поради сето погоре што го кажал како проблеми, укажувања, недоследности во работа, невршење контрола и слично, па поради тоа во поглед на оваа точка од дневен ред изјави дека ќе гласа против----------
За збор се јави Славе Андоноски кој постави прашање до Генералниот директор дали се знае колку е амортизацијата на Славија и дали Охридтурист е сопственик на Славија и дали трансформиран Ориент во склопот на Охридтурист. Генералниот директор изјави дека Охридтурист не е сопственик на Славија, а за сите останати прашања ќе одговори писмено. Претседавачот Антониот Велковски замоли да се задржат акционерите на предложениот дневен ред и во моментов изјави дека предмет на работа се разгледување на извештаите за работењето на друштвото за претходната година, извештајот од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС и активностите на останатите органи и служби. Понатаму изјави бидејќи самиот објект Славија не е сопственост на Охридтурист, не може ни да се знае податокот колку е амортизацијата на Славија.----------
Акционерот Славе Андоноски повторно запраша како е приватизиран Ориент, на што акционерот Џемал Рахман му одговори дека сопственик е Охридтурист, а генералниот директор изјави дека за сите прашања ќе даде одговор писмено----------
За збор се јави Џемал Рахман кој изјави дека како долгогодишен работник во друштвото ги знае сите состојби од работењето на друштвото и како акционер, но и како раководител-извршен директор на ова друштво. Изјави дека тешко му е тоа што мнозинските акционери немаат заеднички став околу работењето на друштвото. Поради тоа со оваа дискусија сакал да допринесе за надминување на овие состојби а воедно и да укаже за во иднина да не се случат повторно, а исто така и тие работи што тој лично како извршен директор ги доживеал. Најпрво се осврна на финансиските извештаи, наведе дека видел дека неколку години друштвото е во добивка и тоа е добар показател. На крајот на извештајот наведе дека имало зголемени приходи и зголемени расходи, за кои сметал дека требало да се добијаснат од каде дошле истите, и тоа покачувањата на приходите од скоро 14 % и расходите од 18.66 % , главните точки се во платите и во електричната енергија која драстично се зголемила. Исто така изјави дека можеби било добро во извештајот да има повеќе податоци за големите закупци, кои освен што имаат обврска да плаќаат закупнина имаат обврска и да вложат, со што ќе се покачи вредноста на друштвото. На пример како што кажал адвокат Аце Ѓоршевски во автокамп Љубаништа нешто се прави што е видливо со голо око, но дали тоа ќе остане во имотот на друштвото е прашање. Понатаму изјави дека е жалосно што постојано се намалува бројот на вработени и по некоја информација што ја поседува вработените кај закупците не се добро третирани, а ја носат тежината на работата и како долгогодишен работник во друштвото наведе дека сака во иднина да се обрне внимание на тоа, бидејќи сите вработени се со минимални плати, и поради тоа и си заминуваат вработените од друштвото. Понатаму изјави дека како извршен член на одборот на директори на друштвото бил

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

предмет на наоди дека го украл друштвото во интерес на трети лица и дека го оштетил друштвото со инвестирање во хотел Десарет. Наведе дека во времето кога тој бил извршен директор хотел Десарет и хотел Палас биле двата најголеми проекти, но одделни членови на одборот на директори како Ратко Чадиковски, Настовски Матеј и Миле Бундовски поднеле против него кривична пријава пред Јавното обвинителство во Охрид, кое нешто му било многу тешко лично нему и на неговата фамилија со оглед на репутацијата која ја имал во градот. Во јавното обвинителство биле дадени искази, сите извештаи биле во Јавното обвинителство на вештачења, но за негова среќа добил решение дека на Охридтурист АД Охрид не причинил никаква штета, за потоа тоа решение да е обжалено во Вишото јавно обвинителство во Битола и од таму добил решение дека не причинил штета. Поради наведеното изјави дека апелира до Одборот на директори на друштвото да размисли како во иднина постапува со донесените одлуки од Одборот, а и од Собранието на акционери, за да не се доведе некој во состојба во која што бил тој, бидејќи секој одговарал лично. Затоа изјави дека јавно кажува дека против тогашните членови на Одборот на директори Ратко Чадиковски, Настовски Матеј и Миле Бундовски ќе поднесел кривична пријава за лажно пријавување, па да се утврди кој мислел лошо, а кој арно на друштвото, бидејќи наведе таквото однесување допринело за разидување на големите акционери, а поради тоа сеуште има судски спорови. По однос на работењето на друштвото, изјави дека загрижувачка е состојбата со хотел Десарет, истиот бил издаден под закуп, истиот бил на ниво на хотел со три ѕвезди и за кратко време претендирал да стане хотел со четири ѕвезди, но нажалост сега бил изруиниран, запален, поради тој хотел наведен дека е вовлечен во судски спорови, каде тужени биле тој и Друштвото Два Бисери за причинета штета, но првата Пресуда била во негова корист дека не причинил штета, а АД Охридтурист ако конечно го изгуби спорот треба да плати еден милион евра. Исто така изјави дека во времето кога тој бил директор биле извршени најголемите придобивки на друштвото, односно се приватизирал скоро целиот имот и се легализирале некои делови од објекти за кои немало документација. Исто така изјави дека немало што да кажува за ревизорската куќа МУР СТИВЕНС, немал добро мислење за итста бидејќи истата работела против него, смета дека е непотребна ставката за интелектуални услуги за адвокати и вештачења, но само доколку добронамерно се размислувало. Исто така на крај изјави дека ќе му одговори на поранешниот директор дека АД Охридтурист е сопствник на Ориент, а Славија е оттуѓен по пат на едни од најдобрите статусни поделби кои се направени во државава на еден од поголемите акционери----------
За збор се јави Миле Бундовски кој изјави бидејќи било споменато неговото име, морал да одговори и тоа во однос на кривичната пријава со која се заканува Џемал Рахман, изјави дека го поттикнува тоа да го направи, па да се докажат. Исто така изјави дека во однос на наводите на акционерот Џемал Рахман дека кога тој бил директор тој бил успешен раководител, но факт било дека кога бил тој директор друштвото секогаш било во загуба, но сега, изјави благодарност до новиот директор што покажувал како се работи и секоја година друштвото било во позитива. Во однос на споровите за кои кажувал Џемал Рахман сеуште не се завршени истите, па кога ќе се завршеле тогаш ќе се зборувало за истите. Миле Бундовски изјави дека во име на неговите властодавци сака да се заблагодари за успешната работа што сиза во однос на струја, покачени плати на вработените и смета дека

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

директорот одлично ја врши работата и треба така да се продолжи----------
За збор се јави Славе Андоноски кој истакна дека сака да даде појаснување дека во времето кога тие таму работеле воделе двојно книговодство односно едно книговодство водело друштвото, а друго книговодство прикажувало тој што работел под наем.----------
За збор се јави Аце Ѓоршевски кој изјави дека го слушнал излагањето на Џемал Рахман но не навлегувал во неговите лични работи и тоа како доживува тој, туку сакал да се изјасни за начинот на функционирање на претходниот одбор на директори и изјави дека може да потврди дека процесите за запишување на приватизација на земјиште и на легализација на објектите се завршени беспрекорно иако во повеќе наврати имало обиди да се земе имот од АД Охридтурист дали од поранешни сопственици дали од Исламска верска заедница, но претходниот одбор на директори тоа го одбранал и се запишале сите објекти на име на АД Охридтурист. Наведе дека тоа било активност на претходниот одбор на директори и при такви околности изјави дека го поддржува сегментот дека инвестиционите активности кои биле планирани во тој период биле капитални. Во однос на излагањето на акционерот Славе Андоноски и тоа во поглед на некој закупец кој што бил, Џемал Рахман кажал нешто многу јасно а тоа е дека токму поради некој што размислува како акционерот Славе Андоноски било покренато обвинение против Џемал Рахман, се направило вештачење од Јавно обвинителство во Охрид на околноста дали има или нема штета од работата на директорот по што во Охрид било отфрлено обвинението, а во Битола имало жалба и тоа потпишана од сегашниот директор Оливера, но истата била одбиена и тој процес е завршен.----------
За збор се јави Антонио Велковски кој исто така во име на неговите властодавци искажа благодарност за успешното работење на друштвото имајќи ги во предвид целата кризна состојба во државата вклучувајќи покачувања на режиски трошоци, но запраша само дали има опасност за самото друштво тоа што е намален бројот на вработени во друштвото, дали тешко се наоѓа квалификуван кадар за евентуална замена во иднина----------
Генералниот директор Оливера Ставрова одговори дека бидејќи закупците ги имаат преземено сите обврски за вработените што припаѓаат кон нивните објекти што ги имаат закупено, со опис и попис на работните задачи, тие покрај вработените на друштвото си ангажираат и дополнително други вработени за да успешно си ја завршат сезоната. Моментално во административниот дел вработените кои се во сметководство, во архива тие биле доволни со оглед на обемот на работа кое го има друштвото.----------
Друг не се јави за збор и расправата беше заклучена и се премина кон гласање по предложените Одлуки од дневниот ред----------
Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварени резултати од работењето на "АД ОХРИДТУРИСТ" Охрид во 2022 година при што "За" гласале 89.015 гласови, "Против" 50.193 гласови и "Воздржани" 750 гласови----------
Претседавачот констатира дека е усвоена Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварени резултати од работењето на "АД ОХРИДТУРИСТ" Охрид во 2022 година со 89.015 гласови "За"----------
Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за усвојување на завршната сметка и резултатите од работењето на "АД ОХРИДТУРИСТ" Охрид за 2022 година при што "За" гласале 88.674 гласови, "Против" 50.193 гласови и "Воздржани" 1.091 гласови----------

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

Претседавачот констатира дека е усвоена Предлог одлука за усвојување на завршната сметка и резултатите од работењето на "АД ОХРИДТУРИСТ" Охрид за 2022 година со 88.674 гласови "За"----------

Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за распределба на остварената добивка "АД ОХРИДТУРИСТ" Охрид во 2022 година при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.193 гласови и "Воздржани" 2.027 гласови----

Претседавачот констатира дека е усвоена Предлог одлука за распределба на остварената добивка "АД ОХРИДТУРИСТ" Охрид во 2022 година со 87.738 гласови "За"----------

Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО "МУР СТИВЕНС"-Скопје за 2022 година при што "За" гласале 88.674 гласови, "Против" 50.640 гласови и "Воздржани" 644 гласови----------

Претседавачот констатира дека е усвоена Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО "МУР СТИВЕНС"-Скопје за 2022 година со 88.674 гласови "За"----------

Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година при што "За" гласале 88.674 гласови, "Против" 50.193 гласови и "Воздржани" 1.091 гласови-----

Претседавачот констатира дека е усвоена Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година со 88.674 гласови "За"----------

Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2022 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2022 година, при што се гласаше јавно и тоа за секој од членовите на Одборот за директори. Претседавачот укажа дека гласањето по оваа Одлука се врши за секој посебно од членовите на Одборот на директори па потоа ќе се произнесе Собранието по предложената одлука. Составот на Одборот на директори е следен: Борче Илиоски-Претседател на Одборот на директори и Неизвршен член, Филип Медарски-Неизвршен член на Одборот на директори, Оливера Ставрова-Извршен член на Одборот на директори и Генерален директор, Снежана Славкова-Неизвршен член на Одборот на директори и Златко Ивановски-Неизвршен независен член на Одборот на директори, и потребно е да се гласа за одобрување и тоа поединечно за секој член--------

Претседавачот побара да се гласа. Се гласаше јавно и поединечно, при што:-

За одобрување на работата на Борче Илиоски-Претседател на Одборот на директори и Неизвршен член гласале 87.738 гласови "За", "Против" 50.193, "Воздржани" 2.027----------

Претседавачот констатира дека со 87.738 гласови "За" е одобрена работата на Борче Илиоски-Претседател на Одборот на директори и Неизвршен член----------

За одобрување на работата на Филип Медарски-Неизвршен член на Одборот на директори гласале 88.674 гласови "За", "Против" 50.193, "Воздржани" 1.091-----

Претседавачот констатира дека со 88.674 гласови "За" е одобрена работата на Филип Медарски-Неизвршен член на Одборот на директори----------

За одобрување на работата на Оливера Ставрова-Извршен член на Одборот на директори и Генерален директор гласале 88.829 гласови "За", "Против" 535, "Воздржани" 936----------

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

Претседавачот констатира дека со 88.829 гласови "За" е одобрена работата на Оливера Ставрова-Извршен член на Одборот на директори и Генерален директор----------
За одобрување на работата на Снежана Славкова-Неизвршен член на Одборот на директори гласале 87.738 гласови "За", "Против" 50.193, "Воздржани" 2.027----------
Претседавачот констатира дека со 87.738 гласови "За" е одобрена работата на Снежана Славкова-Неизвршен член на Одборот на директори----------
За одобрување на работата на Златко Ивановски-Неизвршен независен член на Одборот на директори гласале 87.738 гласови "За", "Против" 50.193, "Воздржани" 2.027----------
Претседавачот констатира дека со 87.738 гласови "За" е одобрена работата на Златко Ивановски-Неизвршен независен член на Одборот на директори----------
Се гласаше јавно и тоа за целосната Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2022 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2022 година при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.193 гласови и "Воздржани" 2.027 гласови----------
Претседавачот констатира дека е усвоена Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2022 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2022 година со 87.738 гласови "За"----------
Се премина со работа на **четвртата точка од дневниот ред**:----------
Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД "ОХРИДТУРИСТ" Охрид за 2023 година----------
Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред и праша дали некој се јавува за збор по оваа точка и дали има предлози по однос на изборот на ревизорската куќа.----------
За збор се јави Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова која предложи да продолжи соработката со ревизорската куќа МУР СТИВЕНС, бидејќи побарале три понуди, а најдобра и ценовно, а и бидејќи се задоволни од досегашната соработка со МУР СТИВЕНС, ја предложи истата ревизорска куќа за соработка која понудила цена од 2.500,00 ЕУР без ДДВ----
За збор се јави адвокат Аце Ѓоршевски кој побара да биде кажано кои се другите понуди кои биле доставени до друштвото освен Ревизорска куќа МУР СТИВЕНС и која била нивната понуда, на што Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова изјави дека тоа биле: КРЕСТОН и РСМ чија понуда изнесува по 6.000,00 ЕУР без ДДВ----------
Претседавачот отвори расправа по оваа точка па со оглед на тоа што никој не се јави за збор се премина на гласање----------
Предлогот МУР СТИВЕНС ДОО Скопје да биде ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД Охридтурист Охрид за 2023 година беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 и "Воздржани" 1.580----------
Претседавачот констатира дека е усвоена Предлог Одлуката со која МУР СТИВЕНС ДОО Скопје е избрана за ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД Охридтурист Охрид за 2023 година со 87.738 гласови "За"----------

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

Се премина со работа на **петтата точка од дневниот ред**----------
Донесување на одлука за отпочнување постапка за структурални-статусни промени во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, со издвојување на акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ Охрид----------
Претседавачот по оваа точка од дневниот ред истакна дека во Друштвото на ден 15.06.2023 година е примен допис со Предлог одлука од Акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ, а на 07.07.2023 година е примен допис со Предлог одлука од акционерот Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје за донесување на Одлука за отпочнување на постапка за структурални-статусни промени во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, со издвојување на акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ Охрид.----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски како полномошник на Акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ, кој истакна дека има и трета Одлука која е доставена во материјалите за денешната седница од АД ОХРИДТУРИСТ Охрид.----------
Претседавачот Антониот Велкоски истакна дека тоа е точно и дека има 3 (три) Предлог одлуки по оваа точка од дневниот ред.----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој истакна дека оваа точка е на предлог од акционерот Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје согласно Пресудата на Основниот Граѓански суд Скопје која е правосилна, потврдена со Пресуда на Апелациониот суд во Скопје со која е усвоено тужбеното барање на тужителот ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ и се задолжува туженият Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје да ја исполни обврската по Договорот склучен со тужителот на ден 14.09.2009 година на начин што ќе ги преземе сите потребни активности за отпочне постапката за донесување на одлука за отпочнување постапка за структурални-статусни промени во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, со издвојување на акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ Охрид----------
Со оглед на задолженијата кои произлегуваат од Пресудите Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје предложи Одборот на директори да ги прифати донесените Пресуди и изготви Одлука за отпочнување постапка за структурални-статусни промени во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, со издвојување на акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ Охрид----------
Адвокат Аце Ѓоршевски исто така истакна дека Акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ имајќи ги во вид специфичните моменти за остварувањето на судската одлука и да се најде најрационален и најекономичен начин за реализирање на постапката смета дека доставената предлог одлука на М-6 ДОО Скопје не ги содржи сите елементи по Закон за отпочнување на статусни промени по кој Одборот на директори ќе треба да носи одлуки и да ги имплементира судските пресуди. Тој исто така истакна дека во Охридтурист порано била донесена ваква Одлука за отпочување на статусни промени, беше склучен Договор со Прф. Д-р Тито Беличанец како експерт и 70 % од вредноста на Договорот му е исплатена, изготвена е проценка од Заводот за вештачење Скопје и стигнато е до изготвување на план за поделба на Друштвото, поради тоа имаше и Барање до Одборот на директори од страна на ТД ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ да се даде информација дали е продолжена постапката, беше поставена точка на Собрание на акционери и истото беше одбиено тоа барање на седница на Собрание на акционери поради што се поведе и судска постапка и затоа сега имаме и такво барање. Тој исто така истака дека смета дека од трите поднесени одлуки за да дојде до план за поделба најрационална одлуката е

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

Одлуката на ТД ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ. Одлуката на акционерот Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје е слична само го нема моделот на издвојување, а Одлуката на акционерот ТД ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ е Издвојување со основање на Друштво. Сега кога имаме активност која е 70 % направена најсоодветен е моделот Издвојување со основање на Друштво за што е ангажиран експерт, има проценка и ова е најсоодветна постапка која треба да се реализира. Постапката на моделот Издвојување со основање е така да секој акционер самиот ќе се определи каде ќе оди и интересите на акционерите тука ќе бидат максимално запазени.----------
За збор се јави Адвокат Миле Бундовски кој истакна дека тој ќе гласа За Одлуката на Друштвото М-6 ДОО Скопје и истата е јасна, пократка и ќе му помогне на Одборот на директори----------
За збор се јави Претседавачот Антонио Велкоски кој истакна дека појдовна точка за расправа е Одлуката на Одборот на директори, дека се знаат кои се законските чекори за донесување на Одлуката е дека и тој ќе гласа за Одлуката на акционерот Друштво М-6 ДОО Скопје----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој истакна дека неговото излагање е да се помогне на Одборот на директори за моделот и по кој пат да се движи Одборот на директори во донесувањето на Одлуките и дека до сега имаме и конкретни работи кои се направени, Договор со лице експерт кој е платен и има и Проценка за вредноста на имотот, додека Одлуката на акционерот М-6 ДОО Скопје е општа одлука и треба Одборот на директори да го дефинира и моделот на издвојување. Тој исто така истакна дека има донесено судски одлуки кои се правосилни и има одговорност за членовите на Одборот на директори ако не постапат по наведените судски Одлуки-------
За збор се јави акционерот Џемал Рахман кој ја поздрави Одлуката што треба да се донесе и смета дека акционерите сами ќе одлучат каде ќе одат. Тој исто така истакна дека сега има ситуација каде имотно-правните работи се решени, донесена е Одлука во 2016-2017 година за статусни промени, ангажиран е експерт Проф. Д-р Тито Беличанец, направено е вештачење за вредноста на имот на фирмата и мислам дека овој пат е најдобар што треба да се прифати, но за тоа ќе одлучи мнозинството на акционери и тој им посака среќно да заврши оваа постапка за фирмата--------
Со оглед на тоа да никој друг не се јави за збор Претседавачот ги стави на гласање трите предлог Одлуки----------
Прво се гласаше за Одлуката на Хотелско-угостителското акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид, предлогот беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" нема, "Против" нема и "Воздржани" 139.958 гласови----------
Претседавачот констатира дека Одлуката не е донесена----------
Потоа се гласаша за Одлуката на Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Кире ЕКСТРА СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ, предлогот беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 58.640 гласови, "Против" 80.674 гласови и "Воздржани" 644 гласови----------
Претседавачот констатира дека Одлуката не е донесена----------
На крај се гласаше за Одлуката на Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје предлогот беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 139.314 гласови, "Против" нема и "Воздржани" 644 гласови----------
Претседавачот констатира дека е донесена Одлука за отпочнување постапка за структурални-статусни промени во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, со издвојување на акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ Охрид предложена од акционерот Трговско друштво за инжинеринг и услуги во

ОДУ
реден број 365/23
(Извод)

прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје со 139.314 гласови "За"----------
По исцрпувањето на дневниот ред седницата заврши во 14.54 часот----------
Овој Записник лично го составив се состои од осумнаесет страници и осумнаесет листа, му го прочитав на Претседавачот Антонио Велкоски и го предупредив на правните последици на оваа правна работа----------
Претседавачот Антонио Велкоски изјави дека ги прифаќа правните последици кој произлегуваат од оваа правна работа и дека содржина на овој Записник во целост одговара на вистинската состојба----------
Претседавачот на Собранието лично го потпиша овој Записник----------

Претседавач: АНТОНИО ВЕЛКОСКИ с.р.----------

Потврдувам дека овој извод го споредив со оригиналот кој се наоѓа во моите списи и утврдив дека целосно се поклопува со оригиналот. Овој е прв извод----------
По составувањето на Записникот, издадени се три изводи за Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид----------
Нотарската такса за заверка по тарифен број 28 од Законот за судски такси и член 158 став 3 од Законот за нотаријатот во износ од петстотини денари е наплатена и евидентирана во Дневна спецификација за извршена уплата на судска такса----------
Нотарската награда согласно член 41 и член 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од четиринаесетилјади денари и трошоци во износ од илјадаиосумдесет денари----------
ОДУ реден број 365/23 (Извод)----------
Охрид 14.07.2023 година (ден четиринаесетти, месец јули, двеилјади-дваесетитрета година)----------

Нотар Васил Кузманоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд Охрид
НОТАР
ВАСИЛ
КУЗМАНОСКИ
ОХРИД

Јас НОТАР, **ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ**
Бул.Македонски Просветители бр.5 Охрид
(име, презиме и седиште-адреса)
потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е ___прв___извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени _____/_____ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ _365/23 ___

Во Охрид, 14.07.2023 година

НОТАР

_____

(потпис и печат)

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Годишното Собрание на акционерите на друштвото ден 04.09.2024 година ја донесе следната :

О Д Л У К А

За Усвојување Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 14.07.2023 година на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД

1. СЕ УСВОЈУВА Записникот од седницата на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД одржано на ден 14.07.2023 година од нотар Васил Кузманоски од Охрид ОДУ.бр.365/23 од 14.07.2023 година.

2. Составен дел на оваа одлука е Записникот од седницата на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД одржано на ден 14.07.2023 година од нотар Васил Кузманоски од Охрид ОДУ.бр.365/23 од 14.07.2023 година.

3.Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД
ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

Т3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа :

Извештај за остварени резултати завршната сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2023 година,

Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2023 година,

Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2023 година,

Извештај за работа на Одборот на директори во 2023 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2023 година и одлучување по:

- Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2023 година;
- Предлог одлука за усвојување на завршната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2023 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2023 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2023 година и одобрување работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2023 година.

ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО "ОХРИДТУРИСТ"
Бр. 02-103/10 2
26.07.2024 год.
ОХРИД

ИЗВЕШТАЈ
За работењето во деловната 2023 година

Врз основа на член 352 од Законот за трговски друштва, извршниот член на Одборот на директори на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,, - Охрид до Одборот на директори доставува годишен извештај за работењето на друштвото во деловната 2023 година, со цел Собранието на акционери на годишното собрание на акционери да одлучува за одобрување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

Имајќи ги во предвид неповолните услови и ограничените можности за финансирање, договорите за давање под закуп на објектите во сопственост на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,, - Охрид вклучуваат и обврска за ангажирање на постојано вработени лица во друштвото, а со тоа и преземање на обврските согласно Законот за работни односи и колективниот договор. Со овој пристап се обезбеди редовна исплата на бруто платата и навременото измирување на обврските кон добавувачите и институциите на државата.

Целта на изготвувањето на годишната сметка е да се утврди финансискиот резултат од работењето врз основа на утврдените приходи и расходи во 2023 година.

Вкупната актива на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид со состојба на ден 31.12.2023 година изнесува 339.780.525,00 денари и ја сочинуваат материјални средства, тековни средства и пресметани трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР).

СТРУКТУРА НА АКТИВА

р. бр	опис	2022		2023		2023- 2022
		Износ во мк	%	Износ во мк	%	%
1	НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА	-	-	-	-	-
2	МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА	346.522.346,00	84,30	327.956.666,00	96,52	94,64
	Земјиште	18.426.543,00	5,32	18.426.543,00	5,62	100,00
	Градежни објекти	307.915.403,00	88,86	292.455.412,00	89.18	94,98
	Постројки и опрема	4.789.209,00	1,38	1.683.520,00	0,51	35,15
	Материјал.с-ва во подготовка	15.391.191,00	4,44	15.391.191,00	4,69	100,00
3	ТЕКОВНИ СРЕДСТВА	64.490.019,00	15,69	11.778.378,00	3,47	18,26
	залихи	2.219.462,00	3,44	2.219.462,00	18,84	100,00
	Краткорочни побарувања	30.267.770,00	46,93	7.352.150,00	62,42	24,29
	Парични средства	32.002.787,00	49,63	2.206.766,00	18,74	6,90
4	ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ	43.851,00	0,01	45.481,00	0,01	103,72
	ВКУПНО	411.056.216,00	100,00	339.780.525,00	100,00	82,66

Во материјални средства спаѓаат: земјиште, градежни објекти, постројки и опрема, канцелариски инвентар и мебел.

Земјиштето има неограничен век на употреба и изнесува 18.426.543,00 денари.

Под градежни објекти се подразбираат зградите и другите објекти кои служат за извршување на функцијата на друштвото и се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност на градежните објекти ја сочинуваат набавната вредност на

добавувачот зголемена за зависните трошоци. Во структурата на вкупната актива градежните објекти учествуваат со 89,18% и изнесуваат 292.455.412,00 денари.

Под опрема се подразбираат предмети кои служат за извршување на дејноста на друштвото чиј век на траење е подолг од една година, а поединечната вредност е поголема од две просечни плати во РС Македонија. Постројките и опремата се дел од материјалните средства на друштвото и на крајот од деловната 2023 година изнесуваат 1.683.520,00 денари.

Во тековни средства спаѓаат залихи на суровини и материјали, ситен инвентар, краткорочни побарувања и парични средства. Залихите на суровини и материјали и ситен инвентар во деловната 2023 година изнесуваат 2.219.462,00 денари. Краткорочните побарувања во износ од 7.352.150,00 денари ги сочинуваат побарувањата од купувачи, побарувања од вработени и останати побарувања. Побарувањата од купувачи изнесуваат 6.562.028,00 денари и бележат пад од 22,43% во однос на 2022 година. Паричните средства со состојба на 31.12.2023 година изнесуваат 2.206.766,00 денари. Под парични средства се подразбираат оние парични средства со кои располага друштвото, а кои се наоѓаат кај банките и благајната на друштвото на ден 31.12.2023 година.

Платените трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР) ги опфаќаат трошоците кои однапред се платени, а се однесуваат на идни пресметковни периоди и изнесуваат 45.481,00 денари и се однесуваат на полиси за осигурување на објектите.

СТРУКТУРА НА ПАСИВА

р. бр	ОПИС	2022		2023		2023 - 2022
		Износ во мк	%	Износ во мк	%	%
1	ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ	391.155.178,00	95,16	321.119.062,00	94,61	82,09
2	ОСНОВНА ГЛАВНИНА	367.599.912,00	93,98	367.599.912,00	114,47	100,00
	Сопствени акции (-)	11.410.396,00	2,92	11.410.396,00	3,55	100,00
	Ревалоризациска резерва	350.884.760,00	89,70	350.884.760,00	109,27	100,00
	Резерви	2.366.088,00	0,61	2.366.088,00	0,74	100,00
	Акумулирана добивка	10.583.803,00	2,71	10.583.803,00	3,29	100,00
3	ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА	332.032.638,00	84,89	328.868.989,00	102,41	99,05
	Добивка за деловната година	3.163.649,00	0,81	-	-	-
4	ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	-	-	70.036.116,00	21,81	-
5	КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ	9.106.156,00	2,22	8.054.890,00	2,37	88,46
6	ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ	10.794.882,00	2,62	10.606.573,00	3,30	98,25
	ВКУПНО	411.056.216,00	100,00	339.780.525,00	100	82,66

Вкупната пасива ја претставуваат изворите на главнината и резервите, краткорочните обврски и одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди (ПВР).

Запишаниот капитал се искажува по номинална вредност и ги содржи обичните акции, законските резерви, ревалоризационите резерви, акумулираната добивка, пренесената загуба, добивка за деловната година и изнесува 321.119.062,00 денари.

Краткорочните обврски во деловната 2023 година изнесуваат 8.054.890,00 денари и се однесуваат на име обврски спрема добавувачите, обврски по основ за

бруто плати, даноци и придонеси на плата и на надоместоци на плата за месец декември 2023 година.

Обврските на име бруто плати, даноци и придонеси на плата за месец декември 2023 година се исплатени во месец јануари 2024 година.

Под приходи на идните периоди, односно пасивни временски разграничувања се сметаат оние парични средства што се примени одеднаш, а се однесуваат на подолг временски период (однапред платени закупнини, однапред пресметани трошоци-грант) и во 2023 година изнесуваат 10.606.573,00 денари. Меѓу позначајните приходи кои од 2023 година се пренесени за 2024 година по основ на закупнини се однесуваат на следните закупци: ЕЛ-ЕМ ДООЕЛ Охрид, Филип ДООЕЛ Охрид, Тинекс-МТ ДОО Скопје, ЗООМ ДООЕЛ Охрид, Семафор Комерц-Р и Спорт Лаиф.

Приходите во деловната 2023 година изнесуваат 62.330.527,00 денари и се приходи од наемнини и останати приходи од работењето.

Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од 59,90%, во износ од 37.339.110,00 денари имаат приходите остварени од наемнини и приходите остварени од префактурирање на струја, бруто плата, вода, телефонски услуги и сл. на закупците во износ од 24.286.770,00 денари со учество од 39,29%.

Во приходите не се пресметуваат износите на данокот на додадена вредност кои се наплатуваат заедно со продажната цена.

По основ на префактурирана бруто плата од закупците, остварени се приходи во износ од 7.490.331,00 денари и тоа:

- ,,Филип,,-Охрид за р. Билјанини извори - 1.725.814,00 денари;
- ,,Теди Комерц,, за хотел ,,Десарет,, - 3.976.520,00 денари;
- ,,Кампинг 2020,, за Автокамп ,,Љубаништа,, - 1.787.997,00денари;

Приходите по основ на префактурирање на струја изнесуваат 16.171.809,00 денари.

Во делот на изнајмувањето на деловен простор со секој закупец е склучен договор за закуп во кој е регулиран начинот на плаќање на закупнината (годишно, на 6 месеци, на 3 месеци или месечно), односно закупнината која се однесува за три месеци, шест месеци или годишно се евидентира на сметката однапред наплатени приходи, односно однапред пресметани приходи во тековниот период кои се однесуваат за наредниот период.

Дополнително утврдените приходи од поранешни години изнесуваат 4.500,00 денари и се резултат од наплатени побарувања од судски постапки.

Останати приходи се приходи од фактурирани трошоци на закупецот ТЕДИ КОМЕРЦ за урбана опрема пред хотел ,,Десарет,, и од префактурирана фактура на закупците од ЈП Водовод за Фонд за води и изнесуваат 208.867,00 денари.

Приходи од камати од работењето во износ од 148.304,00 денари се по Договори со Шпаркасе банка за паричен депозит..

Вкупните расходи во периодот 01.01.2023-31.12.2023 година изнесуваат 132.366.643,00 денари и ги сочинуваат расходите од работењето и финансиски расходи.

Во расходи од работењето се вклучени: трошоците за суровини и материјали, трошоците за услуги, плата и останати трошоци од работењето, трошоци за амортизација, останати трошоци од работењето и останати расходи.

Трошоците за материјали во анализираниот период изнесуваат 58.827,00 денари од кои 26.149,00 денари се за канцелариски материјали (хартија, регистратори, тонери и сл.), 32.678,00 денари материјали и средства за одржување и чистење и останати трошоци.

За периодот јануари-декември 2023 година, трошоците за енергија изнесуваат 16.923.978,00 денари, од кои за електрична енергија се потрошени 16.857.834,00 денари, за бензин и моторно масло 8.475,00 денари, трошоците за гориво за патничко возило 24.205,00 денари и останати трошоци за енергија во износ од 33.464,00 денари и тоа по сметки од ЕВН за комунална такса за јавно осветлување.

Во трошоци за услуги спаѓаат: транспортни услуги, поштенски и телефонски услуги, услуги за одржување и заштита, комунални услуги и останати услуги.

За поштенски услуги на Македонска пошта се исплатени средства во износ од 17.806,00 денари, на Македонски телеком и Т-Мобиле - Македонија за телекомуникациски услуги се исплатени средства во износ од 116.397,00 денари.

За услуги за одржување и заштита се издвоени средства во износ од 272.952,00 денари и тоа за услуги за тековно одржување платено е 11.220,00 денари, за трошоци за одржување на хардвер и софтвер износ од 45.000,00 денари трошоци за одржување на патнички автомобили во износ од 166.732,00 денари и трошоци за Агенција за обезбедување 50.000,00 денари.

Комуналните услуги изнесуваат 368.807,00 денари и ги опфаќаат трошоците за снабдување со вода во износ од 145.751;00 денари исплатени на ЈП Водовод, трошоците за изнесување на смет и фекалии во износ од 59.356,00 денари се исплатени на ЈП Комуналец, трошоците за одводнување и прочистување на отпадни и атмосферски води изнесуваат 64.975,00 денари и се исплатени на ЈП ,,Нискоградба,,-Охрид и трошоци за колектор во износ од 98.725,00 денари и истите се исплатени на Колекторски систем Охрид.

Во останати услуги спаѓаат: интелектуални услуги, трошоци за регистрација на возила и останати неспомнати трошоци за услуги. Интелектуалните услуги изнесуваат 764.425,00 денари и ги сочинуваат: трошоците за интерна и екстерна ревизија во износ од 532.706,00 денари, трошоците за адвокатски во износ од 52.650,00 денари, трошоците за нотарски услуги во износ од 76.121,00 денари и останати трошоци во износ од 69.000,00 денари за изработка на техничка документација.

За регистрација на патничките возила: Опел Корса и Опел Астра се исплатени 34.948,00 денари.

Бруто платата во периодот јануари-декември 2023 година изнесува 13.423.942,00 денари, а нето платата е 8.982.005,00 денари. Платата редовно се исплаќа на вработените најдоцна до 15-ти наредниот месец за тековниот месец се до месец ноември кога жиро сметките на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид беа блокирани од страна на ТДУТТУ Колеска Атина ДВА БИСЕРА Лагадин, Охрид ДООЕЛ и Рахман Џемал двајцата преку полн.адв.Аце Ѓоршевски од Охрид, со налог за извршување од страна на извршител Станислав Тасески по Пресуда ТСЖ-12/23, И.бр. 564/2023 и И.бр. 563/2023. За таа цел беа раскинати договорите за паричен депозит со Шпаркасе банка. Со залагање на раководниот тим добивме понуди за кредит од три банки. Врз основа на Одлука за давање согласност за задолжување на друштвото, од страна на Одборот на директори на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид како најповолна понуда се избра понудата на Шпаркасе банка и се склучи Договор за рамковен револвинг кредит лимит во износ од денарска противвредност на 200.000,00 ЕУР. Врз основа на тој Договор се склучи Договор за краткорочен кредит за обртни средства во износ од 5.000.000,00 денари. Платата и сите тековни обврски се исплатени до крајот на тековната година.

Во АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид согласно Статутот на друштвото е воведен едностепен систем на управување. Постои Одбор на директори кој се состои од 5 члена и тоа 4 неизвршни и 1 извршен член. Извршниот член на Одборот на директори

е и Генерален директор на друштвото.

Согласно член 384 од Законот за трговски друштва годишните примања на членовите на органите на управување на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид (Одбор на директори) се следни:

р.бр.	Презиме и име	Раб.однос	Својство	Охридтурист		Примања од други друштва			
				Нето плата	Други примања	Нето плата/ пензија	Други примања	Примања за членување во органи	Примања врз основ на договор
1	Борче Илиоски	_____	Неизвршен член		61.555	1.143.900	27.223		
2	Снежана Славкова	_____	Неизвршен член		61.555	942.000	129.590		
3	Филип Медарски	_____	Неизвршен член		61.555				
4	Златко Ивановски	_____	Неизвршен член		61.555	2.297.999	402.658		
5	Оливера Ставрова	_____	Извршен член		430.870	2.046.000	137.360		

Со Одлука на Собрание на акционери бр. 02-50/5 се одобрува исплата на награда за вршење на функциите на членовите во Одборот на директори на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, по седница, во висина од 100 ЕУР во денарска противвредност според среден курс на НБМ и трошоците во 2023 година изнесуваат 341.969,00 денари.

За пензионирање на вработени во АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид се исплатени средства во износ од 279.296,00 денари.

Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

2. Основа за составување на финансиски извештаи (Продолжение)

2.5. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики и проценки користени при составувањето на овие финансиски извештаи се дадени подолу. Сметководствените политики се користат конзистентно во текот на разгледуваниот период.

3.1. Приходи од продажба

Продажба на производи и стоки

Приходите од продажба на производи и стоки се мерат по објективната вредност на примените средства или побарувања, намален за враќање на стоките, трговските попусти и количинските рабати. Приходот се признава во билансот на успех кога на купувачот му се пренесени значајните ризици и користи од сопственоста на стоките, друштвото не задржува вистинска контрола врз продадените стоки, приходите може веродостојно да се измерат, кога веројатно е дека економските користи Ќе дојдат како прилив на друштвото, трошоците во врска со трансакцијата може веродостојно да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

Обезбедување на услуги

Приходите од извршени услуги се признаваат во билансот на успех според степенот на завршеност на услугите на датумот на билансот на состојба и кога приходот може веродостојно да се измери, кога е веројатно е дека друштвото Ќе има прилив на економски користи, трошоците за трансакцијата и за довршување на трансакцијата може да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

3.2. Приходи од финансирање

Приходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат, независно дали се наплатени. Тие се состојат од приходи од камати.

Каматите се признаваат на пресметковна основа за периодот за кои се однесуваат.

3.3. Расходи од финансирање

Расходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи од камати. Каматите се признаваат како расходи согласно на временскиот период за кои се однесуваат.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.4. Курсни разлики

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена. Сите монетарни средства и обврски искажани во странска валута се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странска валута во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат. Важечките средни курсеви на странските валути на 31 декември 2023 и 2022, се следните:

	2023	2022
1 ЕУР =	61.4950 МКД	61.4939 МКД
1 УСД =	55.6516 МКД	57.7462 МКД

3.5. Данок од добивка (тековен и одложен)

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во билансот на успех на Друштвото.

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Северна Македонија. Согласно измените на даночните прописи, тековниот данок од добивка се пресметува на основа која претставува остварената добивка пред оданочување зголемена за трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци) и помалку искажани приходи со поврзани лица (2022: исто). Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2022: 10%).

Одложениот данок од добивка се пресметува со примена на методата на обврски за сите времени разлики кои се јавуваат на датумот на билансот на состојба како разлики помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност, за целите на финансиско известување. Одложените даночни средства и обврски се мерат според важечкте законски даночните стапки кои биле на сила и имаат правно дејство на датумот на билансот на состојба.

Пресметката на ефективната даночна стапка е дадена во Белешката 14.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.6. Парични средства

Паричните средства се водат во билансот на состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од готовина во благајни, парични средства на денарски и девизни сметки во банки.

3.7. Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи ги опфаќаат сите побарувања од продажба на учиноци, евидентирани по фактурна вредност, намалени за исправката на вредност за сомнителни и спорни побарувања.

Со товарење на расходите се формира исправка на вредноста за сите побарувања за кои се смета дека се ненаплатливи на датумот на билансот на состојба. Индикатори за ненаплатливоста на побарувањата се следните: доцнење при исплата на побарувањата, инсолвентност на купувачите, можност за ликвидација или стечај на купувачите и друго. Сомнителните побарувања целосно се отпишуваат кога истите ќе се идентификуваат за такви.

3.8. Залихи

Залихите се искажуваат според пониската од набавната вредност и нето реализационата вредност. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите во нивна сегашна состојба. Нето реализационата вредност е проценета пазарна вредност намалена за сите продажни, транспортни и дистрибуциони трошоци потребни за нивна продажба.

3.9. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

(1) Општа објава

Почетно, недвижностите, постројките и опремата (НПО) се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба. Средствата се евидентираат како НПО доколку векот на употреба им е подолг од една година, а поединечната набавна цена е поголема од 300 ЕВРА според курсот на НБРСМ.

Последователно, Друштвото вршело законска ревалоризација на НПО на крајот од годината со примена на официјално објавените коефициенти за ревалоризација од страна на Државниот Завод за Статистика кои одговораат на општиот индекс на пораст на цени, врз нивната набавна вредност и акумулирана амортизација. Ваква ревалоризација повеќе не се пресметува и евидентира.

Ефект од спроведената ревалоризација е ревалоризациона резерва во рамките на вкупниот капитал, која до 2001 година се распоредуваше сразмерно на акционерската главница, законските резерви и нераспоредената добивка, а од 2002 година повеќе не се распоредува и се евидентира и искажува издвоено во билансот на состојба.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.9. Недвижности, постројки и опрема (НПО) (Продолжение)

Согласно точка 17 од објавениот МСС 8 Сметководствени политики, промени во сметководствени проценки и грешки, ревалоризираните вредности на НПО во поранешните години се третираат како извршена ревалоризација во согласност со МСС 16, а не како промена во сметководствената политика.

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или корисниот век на употреба на НПО, се додаваат на набавната вредност на тие средства. Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на НПО се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

(2) Амортизација

Амортизацијата на НПО претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството. НПО се амортизираат поединечно, се до нивниот целосен отпис. Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат. Употребените годишни стапки на амортизација односно предвидените корисни векови на употреба на НПО за 2023 година во однос на 2022 година се следните:

	2023	2022	2023	2022
Недвижности	2.0 -10 %	2.5 - 10 %	10-40 години	10-40 години
Постројки и опрема	20 - 25 %	20 - 25 %	4-5 години	4-5 години
Деловен инвентар	20 %	20 %	5 години	5 години

3.10. Вложувања во недвижности (средства за издавање)

Зградите наменети за издавање кои што Друштвото не ги користи за своите основни активности се класифицирани како вложувања во недвижности или средства за издавање. Вложувањата во недвижности, иницијално се евидентираат по набавна вредност при нивното стекнување намалена за акумулираната амортизација и годишно се ревалоризирале во изминатите години со примена на официјалните коефициенти за ревалоризација кои се засноваат на индексот на пораст на цени на производителите на индустриски производи во Република Северна Македонија. Овие коефициенти се применувале на набавната вредност и врз акумулираната амортизација. Ефектот од ваквата ревалоризација се пренесувал во ревалоризационите резерви на Друштвото.

Амортизацијата се пресметува според правопропорционалниот метод во текот на проценетиот век на користење на средствата со годишна стапка на амортизација од 2.0%-2.5% (2022: 2.0%-2.5%).

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.11. Оштетување на средствата

Средствата кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат се предмет на годишна анализа за можноста за нивно оштетување. Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа за можноста за нивно оштетување секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сегашна сметководствена вредност е повисока од нивната надоместувачка вредност што покажува дека истите се оштетени. Загубата поради оштетување се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност. Надоместувачка вредност претставува повисоката вредност од нето продажната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и употребната вредност на средството.

3.12. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачи се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

Обврските спрема добавувачи се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување, со товарење на останатите приходи.

3.13. Капитал

(1) Основна главнина

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадените и уплатени акции.

(2) Откупени сопствени акции

Акциите кои се издадени од Друштвото и кои ги поседува истото се третираат како сопствени (трезорски) акции, се признаваат по нивната набавна вредност и се презентираат како намалување на капиталот на Друштвото.

(3) Законски резерви

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на ревалоризационите резерви, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Друштвото е должно да издвои од добивката за тековната година минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 10% од основната главнина на Друштвото. Доколку износот на оваа резерва не надминува 10% од вредноста на основната главнина, истата може да биде употребена само за покривање на загуби. Доколку резервата надмине 10% од акционерскиот капитал на Друштвото, може да биде употребена за исплата на дивиденди со претходна одлука на Собранието на акционери.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.13. Капитал (Продолжение)

(4) Ревалоризациона резерва
Ревалоризационата резерва се формира врз основа на извршената годишна ревалоризација согласно изнесеното во точка 2.2., 3.10. и 3.11. на овие белешки. Во согласност со законските прописи, салдото на ревалоризационата резерва по годишната пресметка се евидентира во рамките на капиталот. Оваа резерва не е предмет на распределба.

3.14. Користи на вработените

Користи на вработените се сите форми на надоместок кој го дава Друштвото во размена за извршената услуга од страна на вработените.

(1) Краткорочни користи за вработените

Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување, краткорочно платени отсуства, учества во добивките и други немонетарни користи.

Сите краткорочни користи за вработетните се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

(2) Користи по престанок на вработувањето

Друштвото врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во Националниот фонд. Друштвото нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на две месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање. Друштвото нема направено резервирање за ова право на вработените бидејќи се смета дека сумата е незначајна за финансиските извештаи.

3.15. Резервации

Резервации (резерви за обврски) се признаваат кога Друштвото има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства по тој основ и кога е можно да се процени износот на обврската. Кога се очекува надоместување на дел од ваква обврска во иднина, пример преку договори за осигурување, надоместувањето се признава како посебно средство но само кога е извесно дека ќе биде примено истото. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намалено за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.16. Неизвесности

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни обврски не се признаваат во финансиките извештаи, туку само се обелоденуваат.

Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот на економски користи.

4. Финансиски ризици и управување со истите

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите и добавувачите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

4.1. Пазарен ризик

Ризик од промени на курсевите

Друштвото не влегува во значајни трансакции со странска валута, па според тоа не е изложено на можните флуктуации на странските валути.

Ризик од промени на цените

Друштвото не е изложено на ризик од промени на цените на вложувањата расположливи за продажба со оглед дека истото не располага со вакви вложувања.

4.2. Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи (клиенти) нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Политика на Друштвото е тековно следење на ненаплатените побарувања, нивно редовно утужување и евидентирање на резервација (исправка на вредноста) за сите сомнителни и спорни побарувања.

4.3. Каматен ризик

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки, кои се однесуваат на користените кредити договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Друштвото не користи вакви кредити и позајмици, не постои изложеност на овој вид на ризик.

4. Финансиски ризици и управување со истите (Продолжение)

4.4. Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски и Друштвото нема вакви проблеми во своето работење.

5. Утврдување на објективна вредност

Друштвото располага со финансиски средства и обврски кои ги вклучуваат парите и паричните еквиваленти, побарувања од купувачи, вложувањата расположливи за продажба, обврските кон добавувачи, како и нефинансиски средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденувања бараат утврдување на нивната објективна вредност.

Објективната вредност на финансиските средства и обврски е приближна на нивната сметководствена вредност со оглед на фактот дека истите имаат релативно кратка доспеаност во рок од максимум до една година од датумот на билансот на состојба.

6. Финансиски инструменти

6.1. Ризик на финансирање

Друштвото врши финансирање на своето работење по пат на користење на сопствени средства, па според тоа не постои изложеност на овој вид на ризик.

6.2. Ризик од девизни валути

Друштвото не влегува во значајни трансакции со странска валута, па според тоа не е изложено на можните флуктуации на странските валути. Исклучок претставува склучениот Преддоговор за реконструкција и адаптација на Хотел Палас со друштвото изведувач Секоинжинеринг ДООЕЛ од Р.Бугарија на вкупен износ од 6,899,322.95 ЕУР.

6.3. Ризик од промени на каматите

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки. Бидејќи Друштвото не користи вакви кредити, ниту има пласирано средства во депозоти во банки, не постои изложеност на овој вид на ризик.

6. Финансиски инструменти

6.4. Ризик од ликвидност

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември 2023 година според нивната доспеаност:

	До 1 месец	1 - 3 мес.	3-12 мес.	Над 12 мес.	Вкупно
Парични средства	2,207	-	-	-	2,207
Депозити	-	-	-	-	-
Купувачи	6,562	-	-	-	6,562
Останати побарув.	26	-	-	-	26
	8,795	-	-	-	8,795
Добавувачи	1,060	-	-	-	1,060
Кредити	-	-	5,000	-	5,000
Останати обврски	708	-	-	-	708
	1,768	-	5,000	-	6,768

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември 2022 година според нивната доспеаност:

	До 1 месец	1 - 3 мес.	3-12 мес.	Над 12 мес.	Вкупно
Парични средства	12,003	-	-	-	12,003
Депозити	-	-	10,000	10,000	20,000
Купувачи	29,254	-	-	-	29,254
Останати побарув.	26	-	-	-	26
	41,283		10,000	10,000	61,283
Добавувачи	6,291	-	-	-	6,291
Останати обврски	795	-	-	-	795
	7,086	-	-	-	7,086

7. Сегментно известување

Друштвото во текот на своето работење не е организирано во посебни деловни или географски сегменти, поради што не се врши сегментно презентирање на работењето на Друштвото.

8. ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Приходи од ноќевања	-	-
Приходи од храна и пијалоци	-	-
Приходи од останати услуги (паркинг)	-	-
Вкупно приходи од продажба на услуги	**-**	**-**

9. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Приходи од наемнина	37,339	38,656
Приходи од префактурирање на плати на закупци	7,490	9,188
Приходи од префактурирање на струја на закупци	16,172	16,288
Приходи од префактурирани останати трошоци на закупци	605	589
Приходи од наплата на сомнителни и отпишани побарувања (Белешка 16)	-	19
Приходи од продажба на отпадоци	-	-
Приходи од амортизација на одложени приходи (белешка 25)	185	779
Останати оперативни приходи	390	773
Вкупно останати оперативни приходи	**62,181**	**66,292**
Приходи од наемнини по објекти:		
Хотели Десарет	10,017	10,360
Хотел Орце Николов	1,117	1,106
Комплекс Летница	18,227	16,078
Автокамп Љубаниште	4,485	7,698
Ресторант Ориент	2,244	2,244
Ресторант Биљанини извори	1,049	1,049
Хотел Палас	200	121
	37,339	**38,656**

10. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Бруто плати на вработени	13,424	15,508
Надомести на вработени (регрес, помош и сл)	765	927
Трошоци за превоз до и од работа	198	68
Дневници за службени патувања и патни трошоци	3	-
Вкупно	**14,390**	**16,503**

11. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Енергија	16,916	16,942
Данок на имот и останати даноци кои не зависат од резултат	3,607	4,087
Наемнини	-	-
Останати услуги	765	1,060
Услуги за одржување и заштита	273	107
Трошоци за вода	369	329
Транспортни трошоци	134	135
Спонзорства	-	28
Репрезентација	14	53
Банкарски провизии	76	48
Премии за осигурување	544	526
Неотпишана вредност на продадени и расходувани средства	-	117
Исправка на побарувања од купувачи (бел.16)	-	-
Отпис на ситен инвентар	1	1,455
Трошоци за изгубени судски спорови	54,197	-
Останати оперативни расходи	1,258	763
Вкупно	**78,154**	**25,650**

12. ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Приходи од камати	150	1
Приходи од казнени камати	-	-
Вкупно приходи од финансирање	**150**	**1**

13. РАСХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Камати	11	6
Камати по судски пресуди	20,895	
Курсни разлики	-	-
Вкупно расходи од финансирање	**20,906**	**6**

14. ДАНОК ОД ДОБИВКА

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Добивка (загуба) пред оданочување	**(70,036)**	**3,524**
Непризнаени расходи:		
Исправка на вредност на побарувања	-	-
Трошоци за репрезентација	12	48
Парични и даночни казни	8	2
Останато	-	28
Даночен кредит	-	-
Даночна основа	**(70,016)**	**3,602**
Намалување на даночната основа	-	-
Даночна основа	**(70,016)**	**3,602**
Пресметан данок од добивка	**(7,002)**	**360**
Други ослободување	-	-
Данок од добивка	**(7,002)**	**360**
Добивка (загуба) пред оданочување	**(63,034)**	**3,164**
Ефективна даночна стапка	**11.11%**	**11.39%**

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Северна Македонија. Согласно измените на даночните прописи, тековниот данок од добивка се пресметува на основа која претставува одредени трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци) и помалку искажани приходи со поврзани лица. Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2022: 10%).

15. ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА

а) основна заработувачка по акција	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Нето добивка која им припаѓа на имателите на обични акции		
Нето добивка за годината	(70,036)	3,164
Дивиденда на приоритетни акции	-	-
Нето добивка која им припаѓа на имателите на обични акции	**(70,036)**	**3,164**

	број на акции 2023	2022
Пондериран просечен број на обичните акции		
Издадени обични акции на 1 јануари	**172,291**	**172,291**
Откупени сопствени акции	(3,973)	(3,973)
Пондериран просечен број на обичните акции на 31 декември	**168,318**	**168,318**
Основна заработувачка по акција (во МКД)	**(416)**	**19**

Бидејќи Друштвото има откупено 3,973 сопствени акции, пондерираниот просечен број на запишани, издадени обични акции во оптек се намалува за бројот на сопствените акции со оглед дека истите не се во оптек и правата кои произлегуваат од нив мируваат се додека истите не се оттуѓат.

16. ДИВИДЕНДА ПО АКЦИЈА

На годишното собрание на Охридтурист АД Скопје за 2023 година, кое ќе се одржи во 2024 година, ќе се одлучува за покривање на загубата за 2023 година. Овие финансиски извештаи не ја содржат оваа распределба, со оглед дека истата ќе биде искажана во Извештајот за промените во главнината за 2024 година. Во 2023 година не е извршена распределба на дивиденди (2022: нема).

17. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Денарски сметки во банки	2,207	12,003
Благајна	-	-
Девизни сметки	-	-
Вкупно парични средства	**2,207**	**12,003**

18. ДЕПОЗИТИ

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Краткорочни депозити во банки	-	10,000
Долгорочни депозити во банки	-	10,000
Вкупно депозити	**-**	**20,000**

Друштвото има депонирано краткорочни депозити во Шпаркасе Банка во износ од 10,000 илјади МКД со рок на доспевање 16.08.2023 година кој е продолжен до 16.08.2024 година и фиксна каматна стапка од 1.25%, и долгорочни депозити во Шпаркасе Банка во износ од 10,000 илјади МКД со рок на доспевање 16.08.2024 година и фиксна каматна стапка од 1.50%. Договорите за депозити се предвремено раскинати во ноември 2023 година.

19. ПОБАРУВАЊА ОД ПРОДАЖБА

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Редовни побарувања од купувачи	6,562	29,254
Сомнителни и спорни купувачи	36,316	36,316
	42,878	**65,570**
Исправка на вредност на побарувања од од купувачи	(36,316)	(36,316)
Нето побарувања	**6,562**	**29,254**
Позначајни редовни купувачи:		
Теди Комерц Охрид	2,506	14,937
Спорт Лајф	127	1,563
Рамстор	628	674
Кампинг 2020	1,754	10,100
Тинекс	352	-
Филип Дооел	173	184
Жито леб АД Охрид	354	156
Каирос 2010	188	194
ЕЛ-ЕМ ДООЕЛ	228	923
Останати купувачи во земјата	252	523
	6,562	**29,254**
Промени во исправка на вредноста за годината:		
Состојба на 1 јануари	**36,316**	**36,335**
Нови сомнителни побарувања	-	-
Наплати и отписи (Белешка 9)	-	(19)
Отпис на побарувања од друштва во стечај	-	-
Состојба на 31 декември	**36,316**	**36,316**

20. ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ

Со состојба на 31 декември 2023 година, Друштвото нема побарувања од дадени аванси (2022: 224 илјади МКД).

21. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ СРЕДСТВА

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Побарувања за данок од добивка	764	764
Побарувања за ДДВ	-	-
Побарувања од вработените	26	26
Однапред платени трошоци	46	44
Останато	-	-
Вкупно	**836**	**834**

22. ЗАЛИХИ

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Материјали	4	4
Ситен инвентар	2,215	2,215
Трговски стоки	-	-
Вкупно залихи	**2,219**	**2,219**

23. ДОЛГОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

Со состојба на 31 декември 2023 година, Друштвото има побарувања од разни физички лица во износ од 5,543 илјади МКД (2022: 5,545 илјади МКД) кои се под целосна исправка на вредноста, со оглед дека за истите Друштвото има покренато судски постапки за нивна наплата кои се сеуште во тек (белешка 26). Во текот на 2023 година се наплатени 2 илјади МКД како главен долг по основ на овие судски постапки.

24. НЕДВИЖНОСТИ ДАДЕНИ ПОД НАЕМ

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Набавна вредност		
Состојба на 1 јануари	**659,213**	**654,495**
Директни зголемувања	-	4,718
Отпис	-	-
Пренос од/на градежи	-	-
Состојба на 31 декември	**659,213**	**659,213**
Акумулирана амортизација		
Состојба на 1 јануари	**507,964**	**492,601**
Амортизација за тековна година	15,455	15,363
Отпис	-	-
Пренос од/на градежи	-	-
Состојба со 31 декември	**523,419**	**507,964**
Сегашна вредност на 31 декември	**135,794**	**151,249**

Сегашната вредност на објектите дадени под наем ги опфаќа сите објекти (хотели и ресторани) кои се дадени под наем и од кои се остваруваат приходи од наемнина дадени во белешката 9.

25. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

	Недвиж. (000) МКД	Постројки (000) МКД	Опрема (000) МКД	Останати и инвест. во тек (000) МКД	Вкупно (000) МКД
Набавна вредност					
Состојба на 01.01.2022	285,559	14,734	23,997	15,391	339,681
Директни зголемувања	-	-	-	-	-
Расход	-	-	-	-	-
Продажби	-	-	-	-	-
Пренос од недвижнини под закуп	-	-	-	-	-
Состојба на 31.12.2022	285,559	14,734	23,997	15,391	339,681
Акумулирана амортизација					
Состојба на 01.01.2022	110,459	12,592	16,111	-	139,162
Амортизација	6	1,036	4,204	-	5,246
Расход	-	-	-	-	-
Продажби	-	-	-	-	-
Пренос од недвижнини под закуп	-	-	-	-	-
Состојба на 31.12.2022	110,465	13,628	20,315	-	144,408
Сегашна вредност на:					
31.12.2022 ГОДИНА	175,094	1,106	3,682	15,391	195,273
31.12.2021 ГОДИНА	175,100	2,142	7,886	15,391	200,519
Набавна вредност					
Состојба на 01.01.2023	285,559	14,734	23,997	15,391	339,681
Директни зголемувања	-	352	-	-	352
Расход	-	-	-	-	-
Продажби	-	-	-	-	-
Пренос од недвижнини под закуп	-	-	-	-	-
Состојба на 31.12.2023	285,559	15,086	23,997	15,391	340,033
Акумулирана амортизација					
Состојба на 01.01.2023	110,465	13,628	20,315	-	144,408
Амортизација	6	637	2,819	-	3,462
Расход	-	-	-	-	-
Продажби	-	-	-	-	-
Пренос од недвижнини под закуп	-	-	-	-	-
Состојба на 31.12.2023	110,471	14,265	23,134	-	147,870
Сегашна вредност на:					
31.12.2023 ГОДИНА	175,088	821	863	15,391	192,163
31.12.2022 ГОДИНА	175,094	1,106	3,682	15,391	195,273

Друштвото нема дадено објекти под хипотека како обезбедување за обврски спрема трети лица.

Во 2016 година, склучен е Преддоговор за реконструкција и адаптација на Хотел Палас со друштвото изведувач Секоинжинеринг ДООЕЛ од Р.Бугарија на вкупен износ од 6,899,322.95 ЕУР кој е одобрен со Одлука на Собрание од месец јули 2016 година. По овој основ во 2016 и 2017 година, изведувачот има доставено фактури/ситуации на износ од 13,769 илјади МКД. Во 2022 и 2023 нема фактури по овој основ. Реконструкцијата и адаптацијата се во тек.

26. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Обврски кон:		
ЕД Електро дистрибуција	238	-
ЕВН Македонија	742	1,428
Практика ДООЕЛ Охрид	-	565
Бапоградба 2020 ДОО	-	926
Гопес Фриг ДООЕЛ	-	1,187
Океанија ДОО	-	1,191
ИГ Концепт ДООЕЛ	-	653
Останати добавувачи во земјата	80	341
Вкупно обврски спрема добавувачи	**1,060**	**6,291**

27. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ И ПВР

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Обврски за данок на додадена вредност	630	1,322
Обврски за нето плати спрема вработени	700	787
Обврски за надоместоци од плата	296	331
Обврски за персонален данок од плати	53	58
Незаработени приходи од наемнини	2,427	2,431
Останато	8	8
Вкупно останати тековни обврски и ПВР	**4,114**	**4,937**

28. КРАТКОРОЧНИ КРЕДИТИ

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Шпаркасе банка АД Скопје	5,000	-
Вкупно одожени прихди	**5,000**	**-**

Кредитот од Шпаркасе банка АД Скопје во износ од 5,000 илјади МКД (2022: нема) е краткорочен со рок на враќање 28.12.2024 година, и фиксна каматна стапка од 4.9% годишно. Кредитот е обезбеден со акцептирана меница.

29. ОДЛОЖЕНИ ПРИХОДИ

	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Одложени приходи од инвестициски вложувања	8,179	8,364
Вкупно одожени прихди	**8,179**	**8,364**

Одложените приходи во износ од 8,179 илјади МКД (2022: 8,364 илјади МКД) претставуваат добиени парични средства од закупецот на хотел Десарет по основ на договор за закуп, за инвестициски вложувања во градежни објекти. Овие одложени приходи ќе се признаваат како приходи во наредните години, на рамномерна основа, како средствата се амортизираат и користат. Во 2023 година е евидентиран приход во износ од 185 илјади МКД (2022: 185 илјади МКД).

30. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По датумот на известување не се случиле настани кои би требало да се обелоденат во овие финансиски извештаи.

31. ПОТЕНЦИЈАЛНИ СРЕДСТВА И ОБВРСКИ

Судски постапки во корист на Друштвото

Друштвото има поведено судски постапки против повеќе правни лица и физички лица, негови должници, во вкупна вредност од 20,140 илјади МКД (2022: 20,140 илјади МКД). Според мислењето на овластениот правник на Друштвото, сите овие спорови ќе завршат во корист на Друштвото, но е неизвесен рокот во кој тоа може да се очекува.

Друштвото има покренато тужба против дел постојните акционери на друштвото кои сеуште имаат неизмирени обврски кон Друштвото од 1995 година за платени акции, а кои сеуште не ги имаат продадено акциите. Со пресуда на Основниот Суд во Охрид П1-118/12 од 07.11.2012 година, правосилна на 24.09.2013 година, Друштвото го добило спорот и во тек е наплата на побарувања.

Судски постапки против Друштвото

Против Друштвото, во предходниот период, покрената е една судска постапка за надомест на материјална штета со вредност од 67,156 илјади МКД (без законски казнени камати). Во 2023 година, по Пресуда на Апелациониот суд во Битола, исплатен е износ од 54,181 илјади МКД по основ надомест на штета и износ од 20,854 илјади законски казнени камати. Против наведената пресуда од страна на Друштвото вложена е ревизија до Врховниот суд на РСМ.

Гаранции за други друштва

Друштвото нема дадено гаранции спрема трети лица во смисла на корпоративни гаранции или договори за пристапување кон долг на трети лица.

Даночен ризик

Согласно законските прописи во РСМ, финансиските извештаи и сметководствените евиденции на Друштвото подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните извештаи за годината. Заклучно со датумот на Извештајот на ревизорите, не е извршена контрола на данокот од добивка за 2023 година, како и на данокот на додадена вредност, персонален данок на доход и придонеси на лични примања. Според ова, дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти во овој момент не може да се определат со разумна сигурност.

Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работењето согласно одредбите на ЗТД

Согласно член 476 од Законот за трговски друштва Годишната сметка која ја изготвуваат трговските друштва вклучува биланс на состојба и биланс на успех и објаснувачки белешки.

Согласно член 476 од Законот за трговски друштва Годишната сметка и финансискиот извештај кои се однесуваат за иста деловна година и кои се подготвени согласно одредбите на Законот и со прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка односно загуба на друштвото за деловната година.

Согласно член 477 од Законот за трговски друштва, Органот на управување на Друштвото, покрај годишната сметка, односно финансиските извештаи, е должен, по завршување на секоја деловна година да изготви и извештај за работата на друштвото во претходната година со содржина определена во член 384 став 7 од ЗТД.

Годишната сметка на Друштвото и Годишниот извештај за работење се дадени во Додатоците 2 и 3.

Органот на Управување на Друштвото го разгледал и одобрил Годишниот извештај за работење.

Годишна сметка за 2023 година
- Биланс на состојба
- Биланс на успех
- Извештај за сеопфатна добивка

05-62
15.03.2024

ЕМБС: 04058844
Целосно име: Хотелско - угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид
Вид на работа: 450
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2023

Листа на прикачени документи:
Објаснувачки белешки и други прилози

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
1	- - АКТИВА: А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031)	327.956.666,00			346.522.346,00
9	- - II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019)	327.956.666,00			346.522.346,00
10	- - Недвижности (011+012)	310.881.955,00			326.341.946,00
11	- - Земјиште	18.426.543,00			18.426.543,00
12	- - Градежни објекти	292.455.412,00			307.915.403,00
13	- - Постројки и опрема	820.542,00			1.106.285,00
15	- - Алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел	862.978,00			3.682.924,00
18	- - Материјални средства во подготовка	15.391.191,00			15.391.191,00
36	- - Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059)	11.778.378,00			64.490.019,00
37	- - I. ЗАЛИХИ (038+039+040+041+042+043)	2.219.462,00			2.219.462,00
38	- - Залихи на суровини и материјали	3.741,00			3.741,00
39	- - Залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	2.215.721,00			2.215.721,00
45	- - III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051)	7.352.150,00			30.267.770,00
47	- - Побарувања од купувачи	6.562.028,00			29.253.308,00
48	- - Побарувања за дадени аванси на добавувачи				224.340,00
49	- - Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	764.380,00			764.380,00
50	- - Побарувања од вработените	25.742,00			25.742,00
59	- - V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061)	2.206.766,00			32.002.787,00
60	- - Парични средства	2.206.766,00			12.002.787,00
61	- - Парични еквиваленти				20.000.000,00
62	- - VI. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)	45.481,00			43.851,00
63	- - ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062)	339.780.525,00			411.056.216,00

65	- - ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)	321.119.062,00			391.155.178,00
66	- - I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА	367.599.912,00			367.599.912,00
68	- - III. СОПСТВЕНИ АКЦИИ (-)	11.410.396,00			11.410.396,00
70	- - V. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА	350.884.760,00			350.884.760,00
71	- - VI. РЕЗЕРВИ (072+073+074)	2.366.088,00			2.366.088,00
72	- - Законски резерви	2.366.088,00			2.366.088,00
75	- - VII. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА	10.583.803,00			10.583.803,00
76	- - VIII. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-)	328.868.989,00			332.032.638,00
77	- - IX. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА				3.163.649,00
78	- - X. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	70.036.116,00			
81	- - Б. ОБВРСКИ (082+085+095)	8.054.890,00			9.106.156,00
95	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108)	8.054.890,00			9.106.156,00
97	- - Обврски спрема добавувачи	1.059.634,00			6.291.019,00
98	- - Обврски за аванси, депозити и кауции	307.516,00			307.516,00
99	- - Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плати	349.085,00			389.347,00
100	- - Обврски кон вработените	706.818,00			794.580,00
101	- - Тековни даночни обврски	630.570,00			1.322.273,00
104	- - Обврски по заеми и кредити	5.000.000,00			
108	- - Останати краткорочни обврски	1.267,00			1.421,00
109	- - V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)	10.606.573,00			10.794.882,00
111	- - ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)	339.780.525,00			411.056.216,00

Биланс на успех

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
201	- - I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)	62.180.223,00			66.291.449,00
202	- - Приходи од продажба	37.339.110,00			38.655.561,00
203	- - Останати приходи	24.841.113,00			27.635.888,00
207	- - II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)	111.459.679,00			62.762.854,00
208	- - Трошоци за суровини и други материјали	17.002.891,00			18.467.831,00
211	- - Услуги со карактер на материјални трошоци	1.548.724,00			1.634.200,00
212	- - Останати трошоци од работењето	5.404.572,00			5.547.537,00
213	- - Трошоци за вработени (214+215+216+217)	14.389.635,00			16.503.584,00
214	- - Плати и надоместоци на плата (нето)	8.982.005,00			10.405.517,00
215	- - Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата	683.235,00			760.438,00
216	- - Придонеси од задолжително социјално осигурување	3.758.702,00			4.342.320,00

217	- - Останати трошоци за вработените	965.693,00			995.309,00
218	- - Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	18.916.625,00			20.609.702,00
222	- - Останати расходи од работењето	54.197.232,00			
223	- - III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)	150.304,00			1.291,00
230	- - Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	148.304,00			1.291,00
233	- - Останати финансиски приходи	2.000,00			
234	- - IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)	20.906.964,00			5.995,00
239	- - Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	20.895.491,00			157,00
243	- - Останати финансиски расходи	11.473,00			5.838,00
246	- - Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245)				3.523.891,00
247	- - Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+244)	70.036.116,00			
250	- - Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249)				3.523.891,00
251	- - Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248)	70.036.116,00			
252	- - Данок на добивка				360.242,00
255	- - НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254)				3.163.649,00
256	- - НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254)	70.036.116,00			
257	- - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)	26,00			34,00
258	- - Број на месеци на работење (во апсолутен износ)	12,00			12,00
269	- - Добивка за годината				3.163.649,00
270	- - Загуба за годината	70.036.116,00			
288	- - Вкупна сеопфатна добивка за годината (269+286) или (286-270)				3.163.649,00
291	- - Вкупна сеопфатна загуба за годината (270+287) или (270-286) или (287-269)	70.036.116,00			

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
609	- - Земјишта	18.426.543,00			18.426.543,00
612	- - Сегашна вредност на градежни објекти од високоградба кои се користат за вршење дејност (< или = АОП 012 од БС)	291.863.815,00			307.298.720,00
613	- - Сегашна вредност на објекти од нискоградба (< или = АОП 012 од БС)	591.597,00			616.683,00
615	- - Сегашна вредност на компјутерска опрема (< или = АОП 013 од БС)	6.425,00			71.045,00
629	- - Останати побарувања од органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (< или= АОП	764.380,00			764.380,00

	034+АОП 035+АОП 047+АОП 049+АОП 051+АОП 062 ОД БС)				
630	- - Побарувања по основ на продажба на стоки и услуги и аванси и останати побарувања од сите субјекти во земјата и странство (< или=АОП 006+АОП 017+АОП 030+АОП 034+АОП 035+ АОП 046+ АОП 047+АОП 049+ АОП 050+АОП 051+АОП 057+АОП 062 ОД БС)	6.633.251,00			29.547.241,00
631	- - Основна главнина (сопственички капитал) во удели поседувани од други трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија во земјата (< или =АОП 065 од БС)	367.599.912,00			367.599.912,00
634	- - Обврски по заеми и кредити земени од нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија во земјата(< или =АОП 086+АОП 087+АОП 088+АОП 089+АОП 090+АОП 096+АОП 104+АОП 107 ОД БС)	5.000.000,00			
639	- - Обврски по основ на трговски кредити, аванси и останати обврски кон сите субјекти во земјата и странство (вкупно) (< или=АОП 092+АОП 093+АОП 094+ АОП 096+ АОП 097+ АОП 098+ АОП 099+ АОП 100+ АОП 101+ АОП 107+АОП 108+ АОП 109 ОД БС)	13.661.463,00			9.106.156,00
647	- - Приходи од наемнина (< или = АОП 202 од БУ)	37.339.110,00			38.655.561,00
655	- - Наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврски (< или = АОП 203 од БУ)				18.825,00
657	- - Приходи од премии, субвенции, дотации и донации (< или = АОП 203 од БУ)	184.501,00			184.501,00
658	- - Приходи од субвенции (< или = АОП 203 од БУ)				594.441,00
661	- - Останати приходи од работењето (< или = АОП 203 од БУ)	24.652.112,00			26.772.926,00
663	- - Приходи од поранешни години (< или = АОП 203 од БУ)	4.500,00			65.195,00
669	- - Огрев, гориво и мазива (< или = АОП 208 од БУ)	32.680,00			43.001,00
670	- - Прехранбени артикли (< или = АОП 208 од БУ)	12.985,00			14.071,00
671	- - Канцелариски материјали (< или = АОП 208 од БУ)	26.149,00			27.126,00
674	- - Материјал за чистење и одржување (< или = АОП 208 од БУ)	19.693,00			22.445,00
675	- - Вода (< или = АОП 208 од БУ)	368.807,00			328.543,00
676	- - Потрошена електрична енергија (< или = АОП 208 од БУ)	16.891.298,00			16.905.938,00
678	- - Потрошени резервни делови и материјали за одржување (< или = АОП 208 од БУ)	19.493,00			10.913,00
679	- - Отпис на ситен инвентар, амбалажа и автогуми (во производство) (< или = АОП 208 од БУ)	593,00			1.444.337,00
682	- - ПТТ услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	134.203,00			134.733,00
684	- - Надворешни услуги за изработка на производи (вон производство) (< или = АОП 211 од БУ)	7.337,00			4.338,00
691	- - Вкалкулирани надомести за време на боледување	76.630,00			48.360,00

692	- - Надоместоци за отпремнина при заминување во пензија (< или = АОП 217 од БУ)	279.296,00			175.706,00
695	- - Регрес за годишен одмор (< или = АОП 217 од БУ)	485.953,00			476.784,00
699	- - Дневници за службени патувања (< или = АОП 217 од БУ)	3.016,00			
700	- - Надомести на трошоците на вработените и подароци (< или = АОП 217 од БУ)	177.028,00			13.200,00
705	- - Трошоци за организиран превоз до и од работа (< или = АОП 217 од БУ)	20.400,00			55.000,00
707	- - Трошоци за надомест и други примања на надворешни членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители	341.969,00			205.380,00
709	- - Репрезентација (< или = АОП 212 од БУ)	13.570,00			53.370,00
710	- - Премии за осигурување на имот (< или = АОП 212 од БУ)	544.150,00			526.233,00
711	- - Надомест за банкарски услуги (< или = АОП 212 од БУ)	76.031,00			47.600,00
712	- - Даноци кои не зависат од резултатот (< или = АОП 212 од БУ)	3.591.293,00			4.054.078,00
714	- - Членарини на здруженијата во земјата и странство (< или = АОП 212 од БУ)	16.108,00			33.011,00
715	- - Надоместоци за повремени и привремени работи (< или = АОП 217 од БУ)	430.350,00			410.880,00
717	- - Останати трошоци на работењето (< или = АОП 212 од БУ)	391.101,00			
722	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	26,00			34,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
2438	- 55.10 - Хотели и слични објекти за сместување	62.330.527,00			

Потпишано од:

Mirjana Kuzmanoska

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2,
OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust
Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

Годишен извештај за 2023 година

И З В Е Ш Т А Ј

За работењето во деловната 2023 година

Врз основа на член 352 од Законот за трговски друштва, извршниот член на Одборот на директори на АД „ОХРИДТУРИСТ„ - Охрид до Одборот на директори доставува годишен извештај за работењето на друштвото во деловната 2023 година, со цел Собранието на акционери на годишното собрание на акционери да одлучува за одобрување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

Имајќи ги во предвид неповолните услови и ограничените можности за финансирање, договорите за давање под закуп на објектите во сопственост на АД „ОХРИДТУРИСТ„ - Охрид вклучуваат и обврска за ангажирање на постојано вработени лица во друштвото, а со тоа и преземање на обврските согласно Законот за работни односи и колективниот договор. Со овој пристап се обезбеди редовна исплата на бруто платата и навременото измирување на обврските кон добавувачите и институциите на државата.

Целта на изготвувањето на годишната сметка е да се утврди финансискиот резултат од работењето врз основа на утврдените приходи и расходи во 2023 година.

Вкупната актива на АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид со состојба на ден 31.12.2023 година изнесува 339.780.525,00 денари и ја сочинуваат материјални средства, тековни средства и пресметани трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР).

СТРУКТУРА НА АКТИВА

р. бр	О П И С	2022		2023		2023- 2022
		Износ во мк	%	Износ во мк	%	%
1	НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА	-	-	-	-	-
2	МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА	346.522.346,00	84,30	327.956.666,00	96,52	94,64
	Земјиште	18.426.543,00	5,32	18.426.543,00	5,62	100,00
	Градежни објекти	307.915.403,00	88,86	292.455.412,00	89.18	94,98
	Постројки и опрема	4.789.209,00	1,38	1.683.520,00	0,51	35,15
	Материјал.с-ва во подготовка	15.391.191,00	4,44	15.391.191,00	4,69	100,00
3	ТЕКОВНИ СРЕДСТВА	64.490.019,00	15,69	11.778.378,00	3,47	18,26
	залихи	2.219.462,00	3,44	2.219.462,00	18,84	100,00
	Краткорочни побарувања	30.267.770,00	46,93	7.352.150,00	62,42	24,29
	Парични средства	32.002.787,00	49,63	2.206.766,00	18,74	6,90
4	ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ	43.851,00	0,01	45.481,00	0,01	103,72
	ВКУПНО	411.056.216,00	100,00	339.780.525,00	100,00	82,66

Во материјални средства спаѓаат: земјиште, градежни објекти, постројки и опрема, канцелариски инвентар и мебел.

Земјиштето има неограничен век на употреба и изнесува 18.426.543,00 денари.

Под градежни објекти се подразбираат зградите и другите објекти кои служат за извршување на функцијата на друштвото и се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност на градежните објекти ја сочинуваат набавната вредност на

добавувачот зголемена за зависните трошоци. Во структурата на вкупната актива градежните објекти учествуваат со 89,18% и изнесуваат 292.455.412,00 денари.

Под опрема се подразбираат предмети кои служат за извршување на дејноста на друштвото чиј век на траење е подолг од една година, а поединечната вредност е поголема од две просечни плати во РС Македонија. Постројките и опремата се дел од материјалните средства на друштвото и на крајот од деловната 2023 година изнесуваат 1.683.520,00 денари.

Во тековни средства спаѓаат залихи на суровини и материјали, ситен инвентар, краткорочни побарувања и парични средства. Залихите на суровини и материјали и ситен инвентар во деловната 2023 година изнесуваат 2.219.462,00 денари. Краткорочните побарувања во износ од 7.352.150,00 денари ги сочинуваат побарувањата од купувачи, побарувања од вработени и останати побарувања. Побарувањата од купувачи изнесуваат 6.562.028,00 денари и бележат пад од 22,43% во однос на 2022 година. Паричните средства со состојба на 31.12.2023 година изнесуваат 2.206.766,00 денари. Под парични средства се подразбираат оние парични средства со кои располага друштвото, а кои се наоѓаат кај банките и благајната на друштвото на ден 31.12.2023 година.

Платените трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР) ги опфаќаат трошоците кои однапред се платени, а се однесуваат на идни пресметковни периоди и изнесуваат 45.481,00 денари и се однесуваат на полиси за осигурување на објектите.

СТРУКТУРА НА ПАСИВА

р. бр	опис	2022		2023		2023 - 2022
		Износ во мк	%	Износ во мк	%	%
1	ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ	391.155.178,00	95,16	321.119.062,00	94,51	82,09
2	ОСНОВНА ГЛАВНИНА	367.599.912,00	93,98	367.599.912,00	114,47	100,00
	Сопствени акции (-)	11.410.396,00	2,92	11.410.396,00	3,55	100,00
	Ревалоризациска резерва	350.884.760,00	89,70	350.884.760,00	109,27	100,00
	Резерви	2.366.088,00	0,61	2.366.088,00	0,74	100,00
	Акумулирана добивка	10.583.803,00	2,71	10.583.803,00	3,29	100,00
3	ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА	332.032.638,00	84,89	328.868.989,00	102,41	99,05
	Добивка за деловната година	3.163.649,00	0,81	-	-	-
4	ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	-	-	70.036.116,00	21,81	-
5	КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ	9.106.156,00	2,22	8.054.890,00	2,37	88,46
6	ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ	10.794.882,00	2,62	10.606.573,00	3,30	98,25
	ВКУПНО	411.056.216,00	100,00	339.780.525,00	100	82,66

Вкупната пасива ја претставуваат изворите на главнината и резервите, краткорочните обврски и одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди (ПВР).

Запишаниот капитал се искажува по номинална вредност и ги содржи обичните акции, законските резерви, ревалоризационите резерви, акумулираната добивка, пренесената загуба, добивка за деловната година и изнесува 321.119.062,00 денари.

Краткорочните обврски во деловната 2023 година изнесуваат 8.054.890,00 денари и се однесуваат на име обврски спрема добавувачите, обврски по основ за

бруто плати, даноци и придонеси на плата и на надоместоци на плата за месец декември 2023 година.

Обврските на име бруто плати, даноци и придонеси на плата за месец декември 2023 година се исплатени во месец јануари 2024 година.

Под приходи на идните периоди, односно пасивни временски разграничувања се сметаат оние парични средства што се примени одеднаш, а се однесуваат на подолг временски период (однапред платени закупнини, однапред пресметани трошоци-грант) и во 2023 година изнесуваат 10.606.573,00 денари. Меѓу позначајните приходи кои од 2023 година се пренесени за 2024 година по основ на закупнини се однесуваат на следните закупци: ЕЛ-ЕМ ДООЕЛ Охрид, Филип ДООЕЛ Охрид, Тинекс-МТ ДОО Скопје, ЗООМ ДООЕЛ Охрид, Семафор Комерц-Р и Спорт Лаиф.

Приходите во деловната 2023 година изнесуваат 62.330.527,00 денари и се приходи од наемнини и останати приходи од работењето.

Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од 59,90%, во износ од 37.339.110,00 денари имаат приходите остварени од наемнини и приходите остварени од префактурирање на струја, бруто плата, вода, телефонски услуги и сл. на закупците во износ од 24.286.770,00 денари со учество од 39,29%.

Во приходите не се пресметуваат износите на данокот на додадена вредност кои се наплатуваат заедно со продажната цена.

По основ на префактурирана бруто плата од закупците, остварени се приходи во износ од 7.490.331,00 денари и тоа:

- „Филип„-Охрид за р. Билјанини извори - 1.725.814,00 денари;
- „Теди Комерц„ за хотел „Десарет„ - 3.976.520,00 денари;
- „Кампинг 2020„ за Автокамп „Љубаништа„ - 1.787.997,00денари;

Приходите по основ на префактурирање на струја изнесуваат 16.171.809,00 денари.

Во делот на изнајмувањето на деловен простор со секој закупец е склучен договор за закуп во кој е регулиран начинот на плаќање на закупнината (годишно, на 6 месеци, на 3 месеци или месечно), односно закупнината која се однесува за три месеци, шест месеци или годишно се евидентира на сметката однапред наплатени приходи, односно однапред пресметани приходи во тековниот период кои се однесуваат за наредниот период.

Дополнително утврдените приходи од поранешни години изнесуваат 4.500,00 денари и се резултат од наплатени побарувања од судски постапки.

Останати приходи се приходи од фактурирани трошоци на закупецот ТЕДИ КОМЕРЦ за урбана опрема пред хотел „Десарет„ и од префактурирана фактура на закупците од ЈП Водовод за Фонд за води и изнесуваат 208.867,00 денари.

Приходи од камати од работењето во износ од 148.304,00 денари се по Договори со Шпаркасе банка за паричен депозит..

Вкупните расходи во периодот 01.01.2023-31.12.2023 година изнесуваат 132.366.643,00 денари и ги сочинуваат расходите од работењето и финансиски расходи.

Во расходи од работењето се вклучени: трошоците за суровини и материјали, трошоците за услуги, плата и останати трошоци од работењето, трошоци за амортизација, останати трошоци од работењето и останати расходи.

Трошоците за материјали во анализираниот период изнесуваат 58.827,00 денари од кои 26.149,00 денари се за канцелариски материјали (хартија, регистратори, тонери и сл.), 32.678,00 денари материјали и средства за одржување и чистење и останати трошоци.

За периодот јануари-декември 2023 година, трошоците за енергија изнесуваат 16.923.978,00 денари, од кои за електрична енергија се потрошени 16.857.834,00 денари, за бензин и моторно масло 8.475,00 денари, трошоците за гориво за патничко возило 24.205,00 денари и останати трошоци за енергија во износ од 33.464,00 денари и тоа по сметки од ЕВН за комунална такса за јавно осветлување.

Во трошоци за услуги спаѓаат: транспортни услуги, поштенски и телефонски услуги, услуги за одржување и заштита, комунални услуги и останати услуги.

За поштенски услуги на Македонска пошта се исплатени средства во износ од 17.806,00 денари, на Македонски телеком и Т-Мобиле - Македонија за телекомуникациски услуги се исплатени средства во износ од 116.397,00 денари.

За услуги за одржување и заштита се издвоени средства во износ од 272.952,00 денари и тоа за услуги за тековно одржување платено е 11.220,00 денари, за трошоци за одржување на хардвер и софтвер износ од 45.000,00 денари трошоци за одржување на патнички автомобили во износ од 166.732,00 денари и трошоци за Агенција за обезбедување 50.000,00 денари.

Комуналните услуги изнесуваат 368.807,00 денари и ги опфаќаат трошоците за снабдување со вода во износ од 145.751;00 денари исплатени на ЈП Водовод, трошоците за изнесување на смет и фекалии во износ од 59.356,00 денари се исплатени на ЈП Комуналец, трошоците за одводнување и прочистување на отпадни и атмосферски води изнесуваат 64.975,00 денари и се исплатени на ЈП ,,Нискоградба,,-Охрид и трошоци за колектор во износ од 98.725,00 денари и истите се исплатени на Колекторски систем Охрид.

Во останати услуги спаѓаат: интелектуални услуги, трошоци за регистрација на возила и останати неспомнати трошоци за услуги. Интелектуалните услуги изнесуваат 764.425,00 денари и ги сочинуваат: трошоците за интерна и екстерна ревизија во износ од 532.706,00 денари, трошоците за адвокатски во износ од 52.650,00 денари, трошоците за нотарски услуги во износ од 76.121,00 денари и останати трошоци во износ од 69.000,00 денари за изработка на техничка документација.

За регистрација на патничките возила: Опел Корса и Опел Астра се исплатени 34.948,00 денари.

Бруто платата во периодот јануари-декември 2023 година изнесува 13.423.942,00 денари, а нето платата е 8.982.005,00 денари. Платата редовно се исплаќа на вработените најдоцна до 15-ти наредниот месец за тековниот месец се до месец ноември кога жиро сметките на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид беа блокирани од страна на ТДУТТУ Колеска Атина ДВА БИСЕРА Лагадин, Охрид ДООЕЛ и Рахман Џемал двајцата преку полн.адв.Аце Ѓоршевски од Охрид, со налог за извршување од страна на извршител Станислав Тасески по Пресуда ТСЖ-12/23, И.бр. 564/2023 и И.бр. 563/2023. За таа цел беа раскинати договорите за паричен депозит со Шпаркасе банка. Со залагање на раководниот тим добивме понуди за кредит од три банки. Врз основа на Одлука за давање согласност за задолжување на друштвото, од страна на Одборот на директори на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид како најповолна понуда се избра понудата на Шпаркасе банка и се склучи Договор за рамковен револвинг кредит лимит во износ од денарска противвредност на 200.000,00 ЕУР. Врз основа на тој Договор се склучи Договор за краткорочен кредит за обртни средства во износ од 5.000.000,00 денари. Платата и сите тековни обврски се исплатени до крајот на тековната година.

Во АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид согласно Статутот на друштвото е воведен едностепен систем на управување. Постои Одбор на директори кој се состои од 5 члена и тоа 4 неизвршни и 1 извршен член. Извршниот член на Одборот на директори

е и Генерален директор на друштвото.

Согласно член 384 од Законот за трговски друштва годишните примања на членовите на органите на управување на АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид (Одбор на директори) се следни:

р.бр.	Презиме и име	Раб.однос	Својство	Охридтурист		Примања од други друштва			
				Нето плата	Други примања	Нето плата/ пензија	Други примања	Примања за членување во органи	Примања врз основ на договор
1	Борче Илиоски	_____	Неизвршен член		61.555	1.143.900	27.223		
2	Снежана Славкова	_____	Неизвршен член		61.555	942.000	129.590		
3	Филип Медарски	_____	Неизвршен член		61.555				
4	Златко Ивановски	_____	Неизвршен член		61.555	2.297.999	402.658		
5	Оливера Ставрова	_____	Извршен член		430.870	2.046.000	137.360		

Со Одлука на Собрание на акционери бр. 02-50/5 се одобрува исплата на награда за вршење на функциите на членовите во Одборот на директори на АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид, по седница, во висина од 100 ЕУР во денарска противвредност според среден курс на НБМ и трошоците во 2023 година изнесуваат 341.969,00 денари.

За пензионирање на вработени во АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид се исплатени средства во износ од 279.296,00 денари.

За регрес за годишен одмор за 2023 година на вработените согласно одлука на Одбор на директори се исплатени средства во износ од 485.953,00 денари.

Амортизацијата за периодот јануари-декември 2023 година изнесува 18.916.625,00 денари. Амортизацијата всушност претставува сукцесивно трошење на постојаните средства во зависност од нивниот век на употреба. Со трошокот на амортизацијата всушност во пресметковниот период се пренесува дел по дел од набавната вредност на материјалните средства.

Основица за пресметување на амортизацијата претставува набавната вредност, односно ревалоризационата вредност на средствата утврдена во согласност со прописите. Обврската за пресметување на амортизацијата престанува кога ќе се надомести вредноста која претставува основица за пресметување на амортизацијата, односно кога износот на набавната вредност на средствата е еднаков со отпишаната вредност и се пресметува поединечно за секое средство во рамките на амортизационите групи пропишани со номенклатурата за амортизација.

Надоместоците на трошоци на вработените за огранизиран превоз до и од работа изнесуваат 20.400,00 денари.

Трошоците за репрезентација за 2023 година изнесуваат 13.570,00 денари.

За осигурување на објектите на Македонија Осигурување се исплатени 544.150,00 денари. За банкарски услуги и трошоци на платен промет се исплатени 76.031,00 денари.

За данок на имот за 2023 година се платени 3.049.068,00 денари.

На Централен депозитар за хартии од вредност АД-Скопје се исплатени 38.618,00 денари за годишен надомест за водење на евиденција за акциите и за надомест за изработка и доставување на податоци (акционерска книга) во хартиена форма и за издавање на акционерска книга во хартиена форма. Трошоците за комунална такса за урбана опрема пред хотел ,,Орце Николов,, и хотел ,,Десарет,, изнесуваат 519.000,00 денари.

Трошоци за објава на огласи во весникот Нова Македонија изнесуваат 25.683,00 денари. По основ на менаџерски договор и договор на дело исплатени се 430.350,00 денари. За судски постапки исплатени се 262.560,00 денари, а за судски спорови исплатени се 54.181.232,00 денари по пресуда ТСЖ 12/23, И.бр.564/2023 и И.бр.563/2023. За камата за овие судски спорови исплатен е износ од 20.853.557,00 денари, како и камата за ненавремено платени фактури за месечни трошоци износ од 41.934,00 денари и камата за ненавремено платени јавни давачки износ од 7.973,00 денари. Од овие причини АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид деловната 2023 година ја заврши со загуба од 70.036.116,00 денари.

Вкупните приходи во 2023 изнесуваат 62.330.527,00 денари и се за 5,98% намалени во однос на 2022 година кога изнесуваа 66.292.740,00 денари, додека вкупните расходи во 2023 година од горенаведените причини изнесуваат 132.366.643,00 денари и се зголемени за 210,87% во однос на 2022 година кога изнесуваа 62.768.849,00 денари.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-ОХРИД



- **Предлог одлука за усвојување на Ревизорскиот извештај на овластената ревизорска куќа МУР СТИВЕНС ДОО – Скопје за ревизијата на годишната пресметка за 2023 година и Извештајот за работење на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД во 2023 година.**

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Годишното Собрание на акционерите на друштвото на ден 04.09.2024 година година ја донесе следната

О Д Л У К А

За усвојување на Ревизорскиот извештај на овластената
ревизорска куќа МУР СТИВЕНС ДОО – Скопје

1. СЕ УСВОЈУВА Ревизорскиот извештај на овластената ревизорска куќа МУР СТИВЕНС ДОО – Скопје за ревизијата на годишната пресметка за 2023 година и Извештајот за работење на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД во 2023 година.

2. Составен дел на одлуката е Ревизорскиот извештај на МУР СТИВЕНС ДОО – Скопје за ревизијата на годишната пресметка за 2023 година и Извештајот за работење на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД во 2023 година.

3.Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

АД ОХРИДТУРИСТ –ОХРИД
ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

АД ,,ОХРИДТУРИСТ,, ОХРИД

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2023 ГОД.

Декември 2023

Содржина

Страна

1. Вовед 2.
2. Преглед на извршени ревизии во текот на 2023 3.
3. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола 6.
4. Наоди, предложени мерки и нивно спроведување 7.
5. Останати активности на внатрешната ревизија 8.

1.ВОВЕД

Врз основа на член 415 в од Законот за трговски друштва, Службата за внатрешна ревизија изготви Годишен извештај за своето работење во текот на 2023 година и го достави на разгледување и одобрување на Одборот на директори на Друштвото. Службата за внатрешна ревизија има основна цел да обезбеди независно и објективно мислење до Одборот на директори за ризиците кои произлегуваат од клучните области во работењето.

Во текот на извршување на своите активности, Службата за внатрешна ревизија, тежнееше да обезбеди објективна независна оценка на адекватноста на внатрешните контроли. Со тоа постигнува ефикасно извршување на работните процеси и истите да се во согласност со интерните политики, процедури и законска регулатива како и со целите на деловната политика на Друштвото.

Извештајот за работењето на Внатрешната ревизија согласно одредбите во споменатите акти ги содржи следните информации:

-Преглед на извршени ревизии во текот на 2023;

-Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;

-Наоди, предложени мерки и нивно спроведување;

-Останати активности на внатрешната ревизија во текот на периодот за кој се однесува овој извештај;

2.Преглед на извршени ревизии во текот на 2023 година

Во текот на изминатата година, Службата за внатрешна ревизија ги реализираше активностите согласно Планот за работењето на Внатрешната ревизија за 2023 година, која се базираше на оценка на степенот на ризичност, значење на областа која се ревидира, како и промените што се извршени во самите работни процеси.

При тоа настојуваше да бидат контролирани сите организациски делови (сектори, служби и работни места –извршители) и работни процеси кои беа опфатени во годишниот план.

Ревизиите беа извршени преку имплементација на интерното упатство и процедурите усогласени со стандардите за професионална примена на внатрешната ревизија.

Како појдовна точка за работењето на интерната ревизија за 2023 година беше усвојување на годишниот план за работа од страна на Одборот на директори. Исто така во првиот кварал од страна на интерниот ревизор беше доставено барање до сите секторски раководители да ги достават своите пишани процедури кои преставуваат појдовна основа за работа на внатрешната ревизија. Во третиот квартал беше изработен полугодишен Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија и усвоен од страна на Одборот на директори.

Во периодот јануари-декември 2023 година реализирани се следните ревизии по оделни области за работењето на Друштвото:

Ред. Број	Реализирани интерни ревизии за 2023	Период во 2023
1	Бизнис план	Јануари/Февруари/Март
2	Тест конфирмирање на салда	Јануари/Февруари/Март
3	Тест конфирмации на добавувачи	Јануари/Февруари/Март
4	Тест конфирмации на купувачи	Јануари/Февруари/Март
5	Проверка на договорите и проверка на начинот на склучување договори	Јануари/Февруари/Март
6	Склучување на договори за закуп	Јануари/Февруари/Март
7	Кредитна политика	Јануари/Февруари/Март
8	Обврски спрема добавувачи и побарувања од купувачи ќе се следат на месечно ниво	Јануари/Февруари/Март
9	Разгледување листа на судски спорови	Април/Мај/ Јуни
10	Процедура за службени патувања	Април/Мај/ Јуни
11	Тест за користење на службени автомобили и приватни автомобили за службени цели	Април/Мај/ Јуни

12	Процедура за службени мобилни телефони	Април/Мај/ Јуни
13	Процедура за репрезентација, спонзорство, корпоративни активности, деловно гостопримство	Април/Мај/ Јуни
14	Тестирање за тек на влезни финансиски документи	Април/Мај/ Јуни
15	Тестирање за контрола и верификација на излезни фактури	Април/Мај/ Јуни
16	Тестирање за спроведување на денарски и девизни налози за плаќање во банки	Април/Мај/ Јуни
17	Тест процес реализација	Април/Мај/ Јуни
18	Тестирање амортизација	Април/Мај/ Јуни
19	Тестирање трошоци за суровини и други материјали	Април/Мај/ Јуни
20	Проверка на книжење по организациони единици	Април/Мај/ Јуни
21	Обврски спрема добавувачи и побарувања од купувачи се следат на месечно ниво	Април/Мај/ Јуни
22	Теренско тестирање на набавките кои треба да се реализираат заклучно вклучениот договор на закупците со Охридтурист	Јули/Август/Септември
23	Тест класа 4 (трошоци)	Јули/Август/Септември
24	Тест класа 3 (набавка на материјали)	Јули/Август/Септември
25	Тест класа 0 (основни средства)	Јули/Август/Септември
26	Тест парични средства (денарски, девизни, благајна)	Октомври/Ноември/Декември
27	Тест ДДВ	Октомври/Ноември/Декември
28	Тест кредити депозити и лизинг	Октомври/Ноември/Декември
29	Тест процес залихи	Октомври/Ноември/Декември
30	Тест процес плати	Октомври/Ноември/Декември
31	Тест за евиденција на работно време, отсуства и боледувања	Октомври/Ноември/Декември
32	Тест меморандуми за соработка	Октомври/Ноември/Декември

Извештаите за извршените ревизии заедно со акционите планови се доставуваат до Преседател на Одбор на директори и до раководителите на Секторот во кој се врши ревизија. Акционите планови се од интерен оперативен карактер и во нив детално се изнесени идентификуваните слабости – наоди, препораки , рокови, одговорни лица за имплементација на дадените препораки.
Истите и служат на Службата за внатрешна ревизија во постапките за редовна проверка на статусот за имплементација на препораките во соработка со надлежните организациони единици.

3.Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола

Внатрешната контрола е континуиран процес кој се изведува во сите нивоа во Друштвото од страна на раководните тела, менаџментот и сите вработени и е дизајнирана да обезбеди рационално осигурување за остварување на следните цели:

- Ефикасен мониторинг и контрола на ризиците поврзани со активностите;
- Заштита на вредноста на средствата т.е. максимизирање на вредноста на Друштвото
- Подготовка на точни финасиски извештаи
- Пораст на ефикасноста на активностите
- Усогласеност на интерните политики на Друштвото со Законот и регулативата на Друштвото

Во проценката на адекватноста и ефикасноста на внатрешните контролни системи во ревидираните процеси и активности во 2023 година, Внатрешната ревизија ги заснова своите активности на најзначајните компоненти и цели на системите за внатрешна ревизија:

- Дали ревидираните процеси и активности се регулирани со внатрешни политики и процедури и дали истите усогласени со регулативата и со стнадардите на Друштвото
- Дали е воспоставена правилна поделба на овластувања и одговорности во рамки на процесите и активностите кои беа предмет на ревизија
- Дали има ефикасен систем на комуникација на различни нивоа за да се осигура разбирањето и соодветната апликација на политиките и процеурите во секојдневните активности
- Дали процесите и активностите се адекватно подржани од информатичкиот систем на Друштвото
- Дали системските контроли во апликативните решенија се доволно, сигурни и безбедни да се спречат намерни и ненамерни грешки и доволно ефикасни за да ги минимизираат ризиците од работењето
- Дали системот на интерна контрола во Друштвото овозможува препознвање и проценка на значајните ризици на кои е изложено Друштвото

Мислење:

Внатрешната ревизија го потврдува стекнатото разумно убедување дека интерниот контролен систем на Друштвото е во најголем дел адекватно имплементиран во насока на минимизирање на значајните материјални ризици и ефикасно и доследно спроведување на законската регулатива и процедури на Друштвото.
Ова мислење се издава врз основа на извршените поединечни ревизии во текот на 2023 година, од изведените ревизорски докази врз основа на контрола на репрезентативен примерок на ревидираниот материјал, избран по случаен избор од сите ревидирани процеси.
Идентификуваните наоди/препораки се прифатени од Одборот на директори и менаџментот и во тек е нивна имплементација . Службата за внатрешна ревизија ја следи имплементацијата на дадените препораки.

4.Наоди,предложени мерки и нивно спроведување

Наодите, препораките и статусот беа детално презентирани во извештаите на Внатрешната ревизија кои во текот на годината беа редовно доставувани и разгледувани од страна на Одборот на директори на Друштвото и истите беа прифатени. Исто така согласно усвоената Процедура, Службата за Внатрешна ревизија редовно ја следеше имплементацијата на предложените препораки и согласно добиените одговори редовно ги известуваше наведените органи на Друштвото. Сознанијата со кои се здоби Внатрешната ревизија како резултат на следење на реализацијата на дадените препораки генерално укажуваат дека препораките се почитуваат, а за дел имплементацијата е во тек. Во однос на доставување на одговор за реализација на препораките предложени во извештаите издадени во текот на оваа година забележано е незначително задоцнување, што укажува на подобрување на одговорните лица во Друштвото.

5.Останати активности

- Консултанстски активности

Во текот на 2023 година Службата за внатрешна ревизија беше ангажирана во давање на независни и објективни мислења за одредени прашања на раководните лица и на вработените во Друштвото. Службата за внатрешна ревизија исто така изработи акционен план, работни листови, прашалници за секоја ревизија поединечно покрај ова вршеше мониторинг на измените на законските прописи. Исто така службата имаше соработка со консултанти од кои беа добивани насоки по одредени стручни прашања.

- Едукација и обука

Во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 интерниот ревизор како член на Институтот за интерни ревизори, посетуваше семинири за континуирана обука организирани од Институтот на интерни ревизори на РМ во соработка со професионални домашни и странски институции. Покрај ова остварена е посета на Меѓународна конференција која исто така беше организирана од институтот за интерни ревизори.

- Годишен план 2023

Во текот на декември 2022 година беше изготвен планот за 2023 година кој подоцна е одобрен од Одборот на директори на Друштвото.

- **Предлог одлука за усвојување на Извештај од Службата за внатрешна ревизија на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2023 година.**

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Годишното Собрание на акционерите на друштвото на ден 04.09.2024 година година ја донесе следната

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот од Службата за внатрешна ревизија на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2023 година

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот од Службата за внатрешна ревизија на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2023 година.

2. Составен дел на оваа одлука е Извештајот од Службата за внатрешна ревизија на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2023 година.

3. Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД
ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"ОХРИДТУРИСТ"
Бр. 02-103/3 2
26.07.2024 год.
ОХРИД

И З В Е Ш Т А Ј
за работењето на Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид во 2023 година

Во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид застапен е едностепен систем на управување.

Орган на управување во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид е Одбор на директори кој според Статутот е составен од 5 членови од кои еден независен неизвршен член.

Одборот на директори го сочинуваат: Борче Илиоски, Претседател - неизвршен член, Оливера Ставрова - извршен член, Генерален директор, Филип Медарски – неизвршен член, Снежана Славкова – неизвршен член и Златко Ивановски - независен неизвршен член.

Одборот на директори во 2023 година има одржано 10 седници на кои има расправано, одлучувано и донесувано голем број одлуки и други акти содржани во секоја од точките на дневните редови за секоја од седниците.

Орган на раководење во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид е Генералниот директор како извршен член Извршен директор во Одборот на директори.

1. Седница 27.02.2023 година

Т.1. Усвојување Записник од Одбор на директори од 23.12.2022 година;

Т.2. Разгледување и одобрување на извештај на интерната ревизија за четвртиот квартал од 2022 година;

Т.3. Разгледување на барањата за продолжување на договорите за закуп на деловен простор со БОЖИЛАК – ОРВАС ДООЕЛ Охрид, ЕЛ-ЕМ ДООЕЛ Охрид, ЗООМ ДООЕЛ Охрид, БУРГЕР СТАНИЦА ДОО Охрид,ТД ФИЛИП ДООЕЛ Охрид, ТД КАИРОС 2010 ДОО Охрид и СЕМАФОР-КОМЕРЦ-Р Охрид ДООЕЛ;

Т.4. Одобрување на текст на договор за деловно – техничка соработка со ЖИТО ЛЕБ Охрид, за отстапување на користење на деловен простор во комплекс „Летница“, со површина од 11 м2, површина од 12 м2 и површина од 114 м2;

Т.5. Информација за Пресуда ТС -12/20, ТС -13/20 од 21.11.2022 година на Основен суд Охрид (ОХРИДТУРИСТ – ДВА БИСЕРА и Џемал Рахман);

Т.6. Информација за хотел Палас;

Т.7. Известување за хотел Десарет;

Т.8. Разно.

2. Седница 14.03.2023 година

Т.1. Усвојување на резултатите од извршениот попис на АД ОХРИДТУРИСТ со состојба на 31.12.2022 година;

Т.2. Разно.

3. Седница 14.03.2023 година

Т.1. Усвојување на годишната сметка на АД ОХРИДТУРИСТ – Охрид за 2022;

Т.2. Разно.

4. Седница 15.05.2023 година

Т.1. Усвојување Записник од Одбор на директори од 28.02.2023 година, Записник од Одбор на директори од 14.03.2023 година и Записник од Одбор на директори од 14.03.2023 година;

Т.2. Разгледување и одобрување на извештај на интерната ревизија за првиот квартал од 2023 година;

Т.3. Одлучување за промена на плата од 01.03.2023 година согласно Законот за минимална плата;

Т.4. Разгледување и одлучување по поднесено барање од Крафт Продукција ДООЕЛ Скопје за користење на дворно место на хотел ПАЛАС за време на Ohrid Wine Festival 2023;

Т.5. Разгледување и одлучување по поднесени барања за инвестиции од КАМПИНГ 2020 ДОО Охрид;

Т.6. Разно.

5. Седница 25.05.2023 година

Т.1. Усвојување Записник од Одбор на директори од 15.05.2023 година;

Т.2. Одобрување на текст на Договор за закуп (користење) на дворно место на хотел Палас за време на Ohrid Wine Fest 2023, врз основа на поднесено Барање од КРАФТ ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ Скопје;

Т.3. Одлучување во врска со случувањата во хотел Десарет - Охрид;

Т.4. Разгледување и одлучување по поднесено барање од Атлетски клуб Охрид трчаТ за користење на тревната површина кај хотел Палас;

Т.5. Разгледување и одлучување по поднесено барање од АД ЖИТО ЛЕБ Охрид;

Т.6. Разно.

6. Седница 05.06.2023 година

Т.1. Усвојување Записник од Одбор на директори од 25.05.2023 година;

Т.2. Разгледување на допис од ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ, бр.03-122/1 од 29.05.2023 година

Т.3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа:

3.1. Годишен извештај за работењето на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид во 2022 година поднесен од Генералниот директор.

3.2. Извештај од Ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје за ревизија на годишна пресметка и финансиските извештаи за работење во 2022 година.

3.3. Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година.

3.4. Извештај за работење на Одборот на Директори за 2022 година.

3.5. Постапка за избор на Ревизорска куќа за ревизија на годишната пресметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работење на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид за 2023 година;

Т.4. Одлука за свикување Годишно собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, дата на одржување на Годишно собрание, Дневен ред за работа на Годишното собрание, Материјали за седницата на Годишното собрание, Јавен повик за свикување Годишно собрание и Предлог Одлуки за донесување на Годишното собрание на акционерите;

Т.5. Разгледување на допис од ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид, бр.0307-6/11 од 29.05.2023 година;

Т.6. Разгледување и одобрување на одговор до ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ

Т.7. Разно.

7. Седница 30.08.2023 година

Т.1. Усвојување Записник од Одбор на директори од 05.06.2023 година;

Т.2. Разгледување на одлуките донесени на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид одржано на ден 14.07.2023 година и одлучување за преземање на активности за спроведување на Одлуката за отпочнување постапка за статусни промени во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид;

Т.3. Разгледување и одобрување на полугодишен извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година;

Т.4. Разгледување и одлучување по поднесено барање од РАМСТОРЕ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје за продолжување на договор за закуп;

Т.5. Разно.

8. Седница 16.11.2023 година

Т.1. Усвојување Записник од Одбор на директори од 30.08.2023 година;

Т.2. Разгледување и одобрување на извештај за трет квартал за 2023 година на Службата за внатрешна ревизија;

Т.3. Разгледување и одлучување по поднесено барање од РАМСТОРЕ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје за санација на кров;

Т.4. Разгледување и одлучување по поднесено барање од ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид;

Т.5. Информација за постапка за извршување врз основа на Пресуда ТС -12/20, ТС -13/20 од 21. 11.2022 година на Основен суд Охрид и Пресуда ТСЖ-12/23 од 14.09.2023 година на Апелационен суд Битола (ОХРИДТУРИСТ – ДВА БИСЕРА и Џемал Рахман), и давање согласност за задолжување на друштвото;

Т.6. Разно.

9. Седница 11.12.2023 година

Т.1. Усвојување Записник од Одбор на директори од 16.11.2023 година;

Т.2. Разгледување на документација доставена од ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид (Табела за планирани ноќевања и бруто приходи за период 2024-2029 година и доставени понуди за реконструкција) и одлучување по поднесено барање од ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид;

Т.3. Информација за понуди од консултантски компании во врска со спроведување на Одлуката за отпочнување постапка за статусни промени во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид бр.02-109/10 од 14.07.2023 година;

Т.4. Разгледување на понуди од комерцијални банки;

Т.5. Разно.

10. Седница 22.12.2023 година

Т.1. Одлука за формирање Централна пописна комисија, како и други пописни комисии за Годишниот попис за 2023 година;

Т.2. Одлука за привремен принуден одмор за вработените во АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД;

Т.3. Одлука за исплата на регрес за годишен одмор за 2023 година;

Т.4. Разгледување и одобрување на извештај на интерната ревизија за четвртиот квартал од 2023 година;

Т.5. Разгледување и одобрување на Годишен план и календар за ревизија за 2024 година;

Т.6. Разгледување и одлучување по поднесено барање од ЈП Билјанини извори Охрид за продолжување на договор за закуп на јавен паркинг простор;

Т.7. Разгледување и одлучување по поднесено барање од Филип Стојковски, управител на БУРГЕР СТАНИЦА ДОО Охрид;

Т.8. Разгледување на барање од ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ с.Косел Охрид;

Т.9. Давање согласност за задолжување на друштвото кај Шпаркасе Банка АД Скопје;

Т.10. Разно.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Борче Илиоски

- **Предлог одлука за усвојување на Извештај работата на членовите во Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2023 година.**

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Годишното Собрание на акционерите на друштвото на ден 04.09.2024 година година ја донесе следната

О Д Л У К А

За усвојување на Извештај и одобрување работата на членовите
во Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД
за 2023 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот и СЕ ОДОБРУВА работата на членовите во Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2023 година на секој посебно и сите заедно:

1. БОРЧЕ ИЛИОСКИ – Претседател како неизвршен член
2. ФИЛИП МЕДАРСКИ – неизвршен член,
3. ОЛИВЕРА СТАВРОВА – извршен член и Генерален иректор,
4. СНЕЖАНА СЛАВКОВА – неизвршен член,
5. ЗЛАТКО ИВАНОВСКИ – независен неизвршен член.

2. Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

АД ОХРИДТУРИСТ –ОХРИД
ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

Т.4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2024 година.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Годишното Собрание на акционерите на друштвото на ден 04.09.2024 година година ја донесе следната :

О Д Л У К А

За избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на АД ОХРИДТУРИСТ– ОХРИД за 2024 година

1. ЗА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на АД ОХРИДТУРИСТ– ОХРИД за 2024 година се назначува и се избира ревизорската куќа _____.
2. Се овластува Извршниот член во Одборот на директори – Генерален директор на друштвото со ревизорската куќа да склучи Договор за извршување на работите во смисла на претходната точка на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

АД ОХРИДТУРИСТ –ОХРИД
ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

Т.5 Предлог одлука за одобрување на Извештајот за извршени услуги од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје

ОХРИДТУРИСТ АД - ОХРИД

ИЗВЕШТАЈ НА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ

MOORE

МУР СТИВЕНС ДОО
Св. Кирил и Методиј, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: +389 (2) 32 14 706
Е-адреса: moore@moore.mk
www.moore.mk
www.moore-global.com

Друштво за ревизија
МУР СТИВЕНС
ДОО Скопје
Бр 0307/75, 28 06 2024 год.

ДО ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА
ОХРИДТУРИСТ АД - Охрид

Извештај за извршените услуги

Вовед

Ние добивме Барање бр. 03-124/4 од 15.09.2023 година, согласно донесен заклучок на Одборот на директори на Охридтурист АД Охрид (Друштво), за доставување на понуда која ќе ги опфати сите потребни активности за ангажирање соодветни финансиски советници за проценка на имотот на Друштвото, да ангажира соодветни правни советници и да го идентификува видот на статусната промена која ќе резултира со издвојување на акционерот Екстра-Скопско увоз-извоз Косел ДООЕЛ Охрид.

Со писмо бр. 03-37 од 04.03.2024 година бевме известани дека, на седница одржана на 29.02.2024 година, Одборот на директори ја прифатил нашата понуда.

Врз основа на погоре наведеното известување и доставената понуда, на 23.04.2024 година под бр. 0307/50 склучиве договор со Охридтурист АД Охрид со кој го договоривме следното:

- Услуги на проценка на капиталот на Друштвото и процена на недвижностите со дата 31 декември 2023 година,
- Правни услуги во делот на анализа на правниот статус на Охридтурист, како и водење на постапка на издвојување на дел од имотот на Охридтурист со преземање,
- Ревизорски услуги во делот на ревизија на постапката на издвојување со преземање и
- Даночни услуги, поврзани со можните даночни импликаци од постапката на издвојување со основање.

Согласно член 2 од Договорот, Мур Стивенс како носител на активностите согласно Договорот, за потребите на проценка на недвижностите на Охридтурист АД Охрид, како и за анализа на правниот статус на Охридтурист АД Охрид, како и водење на постапка на издвојување на акционерот Екстра-Скопско увоз-извоз Косел ДООЕЛ Охрид од Охридтурист АД Охрид, ги ангажира следните експерти:

- За извршување на услугата од член 1 точка 1, Консултантот го ангажира Завод за вештачење ДООЕЛ Скопје, застапуван од Управниот партнер и единствен содружник Владимир Ѓорески и
- За извршување на услугите од член 1 точка 2, Консултантот ја ангажира Адвокатската канцеларија Нефтенов Панче, застапуван од Адвокат Нефтенов Панче.

Останатите активности согласно член 2 од Договорот, кои се однесуваат на ревизија на постапката на статусни промени и можните даночни имликаци од постапката на статусни промени ги релизира Мур Стивенс ДОО Скопје.

Настани кои претходеа на воведните активности

Основниот Граѓански Суд Скопје, како првостепен граѓански суд, постапувајќи по тужбата на тужителот Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире Екстра-Скопско увоз-извоз Косел ДООЕЛ Охрид, против туженият Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје, за исполнување на договор, на ден 04.05.2022 година донесе Пресуда под број 57 ТС1-294/21 со која го усвои тужбеното барање на тужителот од 31.01.2022 година и го задолжи туженият да ја исполни обврската по Договорот склучен со тужителот на 14.09.2009 година на начин што ќе ги преземе сите потребни активности за да се отпочне постапка за структурални-статусни промени во АД Охридтурист Охрид, со издвојување на тужителот како акционер, во рок од 8 дена по прием на пресудата.

Апелациониот Суд Скопје, во правна работа на тужителот Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире Екстра-Скопско увоз-извоз Косел ДООЕЛ Охрид, против туженият Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје, за исполнување на договор, одлучувајќи по жалба на туженият против пресудата на Основниот Граѓански Суд Скопје број 57 ТС1-294/21 од 04.05.2022 година, донесе Пресуда број ТСЖ-1790/22 од 06.04.2023 година со која жалбата на туженият се одбива како неоснована.

Врз основа на член 383 и 517 од Законот за трговските друштва и член 44 од Статутот на АД Охридтурист Охрид,Собранието на акционери на Друштвото на ден 14.07.2023 година донесе Одлука за отпочнување на постапка за статсни промени во АД Охридтурист Охрид. Со Одлуката:

1. Се прифаќа предлогот на акционерот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје за донесување одлука за отпочнување постапка за статусни промени во АД Охридтурист Охрид.
2. Се овластива Одборот на директори на АД Охридтурист Охрид да ги отпочне сите потребни активности за спроведување на оваа Одлука, а особено: да ангажира соодветни финансиски советници за проценка на имотот на друштвото, да ангажира соодветни правни советници и да го идентификува видот на статусната промена која ќе резултира со издвојување на акционерот Екстра-Скопско увоз-извоз Косел ДООЕЛ Охрид.

Проценка на недвижностите на Охридтурист АД Охрид

Со писмо број П VI 84-99/2024 од 06.06.2024 година, од страна на ангажираната проценителска куќа Завод за вештачење ДООЕЛ Скопје до нас ја достави проценката на недвижен недвижен имот изработена од овластен прценител дипл.маш.инж. Сава Минова, проценувач од областа на недвижен имот со лиценца број 0010Н/Т, и стучен соработник дипл.екк. Анастазија Матоска.

Намена на проценката е утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот на Охридтурист А Охрид заради статусни промени.

Проценката е извршена според Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижен имот (Службен весник на РМ бр. 54/12, 17/13, 21/13, 142/14), а врз основа на имотните листови и увид на лице место на предметните недвижности.

Проценката важи една година од денот на поднесување на Извештајот за извршената процена.

Согласно Резимето од извршената процена на пазарната вредност на недвижниот имот сопственост на Охридтурист АД Охрид, вкупната вредност на недвижниот имот изнесува 2.214.558.941,00 Денари или 36.009.088,48 Евра, како што следува:

Бр.на процена	ОБЈЕКТИ	Функционална површина во $м^2$	Проценета вредност во Денари	Проценета вредност во Евра
P VI 84/2024	Автокамп Љубаништа	1671	70,204,483.00	1,141,536.31
P VI 85/2024	Хотел Орце Николов (објект и дворно место)	3980 објект и 14256 дворно место	217,486,216.00	3,536,361.24
P VI 86/2024	Билјанини Извори	188	1,690,056.00	27,480.59
P VI 87/2024, P VI 88/2024	Хотел Десарет (објект, дворно место и базен)	16375 објект, 15758 дворно место, 383 базен	736,205,116.00	11,970,814.89
P VI 89/2024	Хотел Палас (објект и дворно место)	1220 објекти, 9308 дворно место	506,539,977.00	8,236,422.39
P VI 90/2024, P VI 98/2024	Комплекс Летница (деловни објекти-дуќани и дврно место)	2826 деловни објекти-дуќани, 2167.98 дворно место	621,114,822.00	10,099,428.00
P VI 99/2024	Хотел Ориент (објект и дворно место)	419 објект, 540.14 дворно место	61,318,271.00	997,045.06
ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ГРАДЕЖНИТЕ ОБЈЕКТИ			**2,214,558,941.00**	**36,009,088.48**

Погоре наведената Проценка е Прилог број 1 кон овој Извештај.

Правно мислење за постапка на издвојување на дел од имотот на Охридтурист АД Охрид со преземање

На 10.06.2024 година од страна на Адвокат Панче Нефтенов до нас беше доставено мислење за идентификување на видот на статусната промена, што евентуално би резултирало со Издвојување на акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ Охрид, како што следува:

Увод

Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид на сединцата одржана на ден 14.07.2023 година донесе одлука за отпочнување на постапка за статусни промени во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, а по предлог на акционерот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје. Согласно одлуката мојот мандат како правен советник е да го идентификувам видот на статусната промена која ќе резултира со издвојување на акционерот ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид, а согласно пресудата 57 ТС1.294/21 од 04.05.2022 година на Основниот граѓански суд Скопје.

Основ

Согласно пресуда 57 ТС1.294/21 од 04.05.2022 година на Основниот граѓански суд Скопје, се задолжува Трговското друштво за инженеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје да ја исполни обврската по договорот склучен со ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид од 14.09.2009 година на начин што ќе ги превземе сите потребни активности за да се отпочне постапка за структурални-статусни промени во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид со издвојување на тужителот ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид како акционер.

Пресудата, основот за структуралните статусни промени го црпи од договорот склучен помеѓу Трговското друштво за инженеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје и ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид од 14.09.2009 година, а тоа е издвојување на тужителот ЕКСТРА СКОПСКО.
Начин на делба согласно ЗТД

Издвојувањето како форма на делба на акционерско друштво е определена во член 517 став 3 од Законот за трговски друштва, односно едно друштво може преку поделба дел од својот имот и од обврските да ги пренесе на едно или на повеќе новоосновани друштва(во понатамошниот текст издвојување со основање) или на едно или повеќе постојни друштва (во понатамошниот текст издвојување со преземање).

Во конкретната ситуација она што не е познато за понатамошно постапување е прашањето, која од овие две форми ќе биде прифатена од страна на акционерот што се издвојува односно дали ќе се спроведува постапка за издвојување со основање на ново друштво или издвојување со превземање од страна на постоечко друштво.

При пренесување на дел од имотот намален за висината на обврските, преземачот на имотот-постоечкото друштво што се издвојува или новоосновaното друштво, во таа висина ќе добие удели односно акции во зависност од тоа во која форма друштвото ќе се трансформира.

Спогодба или план за делба

Во зависност од тоа дали станува збор за делба на друштвото со издвојување со превземање или делба со издвојување со основање на ново друштво зависи и кој правен акт ќе се донесе.

Доколку станува збор за издвојување со превземање во тој случај се носи спогодба за делба, а доколку станува збор за издвојување со основање на ново друштво се носи план за делба регулиран во член 521 од ЗТД. И едниот и другиот акт се во форма на нотарски акт.

Од горенаведеното може да се заклучи дека за да се пристапи кон отпочнување на процедура согласно одредбите за делба согласно ЗТД најнапред треба да се знае дали издвојувањето ќе се врши со превземање од страна на постоечкиот акционер на што упатува цитираната пресуда или ќе се оди со издвојување и основање на ново друштво.

Мислење

Имајќи го во предвид диспозитивот на пресудата 57 ТС1.294/21 од 04.05.2022 година на Основниот граѓански суд Скопје, особено фактот што Основниот граѓански суд Скопје истата ја темелел на договор склучен на ден 14.09.2009 година помеѓу Трговското друштво за инженеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје и ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид, **на мислење сум дека во конкретниот случај статусната промена со издвојување на ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид треба да се изврши согласно член 517 став 3 од Законот за трговските друштва, односно преку формата издвојување со преземање**. Ова дотолку повеќе што ниту во договорот, ниту во пресудата е спомната можноста да ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид својот дел го пренесе на друг новооснован субјект кој би се издвоил со основање. Бидејќи станува збор за судска одлука сметам дека истата треба да се исполни во согласност со диспозитивот на истата.

Правни акти и постапка

Одлука за подлеба на друштвото носи Собранието на акционери со 2/3 мнозносто, а исто така и одлука за презамње на удел односно акции носи и друштвото кое се издвојува.

Друштво кое презема и друштвото кое се дели со издвојување, односно друштвата кои преземаат и друштвото што се дели со издвојување се супсидијарани солидарни должници на доверителите на друштвото кое што се дели. Издвојувањето односно повлекувањето на акциите се врши во согласност со спогодбата за делба.

Органот на управување на друштвото кое се дели со издвојување со преземање и органот на управување на друштвото кое превзема склучуваат спогодба во која ги усогласуваат ставовите под кои ќе се изврши поделбата со издвојување. Содржината на спогодбата е регулирана со член 520 од ЗТД.

Составен дел на спогодбата се:
- статутот на друштвото,
- листа на акционери на друштвото што се издвојува со преземање и
- список на вработени кои го продолжуваат рабитниот однос во друштвото кое што превзема.

Најдоцна еден месец пред одлучување на собрание на кое што се одлучува за прифаќање на спогодбата, органот на управување на друштвото што се дели со издвојување објавува во Службен весник на РМ и најмалку еден дневен весник известување за склучената спогодба со податоци наведени во член 522 од ЗТД.

Спогодбата и прилозите кои се составен дел на спогодбата се стават на увид на сите акционери во седиштето на друштвото. Спогодбата се доставува до Трговскиот регистар за да се изврши предбележба, а по извршената предбележба во Службен весник се објавува дека е извршена предбележба и дека спогодбата е дозволена за увид. Ако е утврдена обврска да се извести надлежен орган бидејќи во конкретниот случај акциинер е Министерството за финансии со 14% од акциите на друштвото, сметам дека треба да се извести Министерството за намерата да се изврши статусна промена согласно член 522 став 4 од ЗТД.

Познатите доверители чии побарувања надминуваат 10.000 евра по писмен пат поединечно се известуваат за намерата да се изврши статусна промена.

Доверителите чии побарувања не се пристигнати, а сметаат дека нивните побарување со статусните измени ќе бидат загорзени, поднесуваат барања за обезбедување на побарувањата во рок од 30 дена од денот на објавување во службен весник.

Доколку во рок од 15 дена од поднесеното барање не го дадат побарањето обезбедување во рок од 8 дена доверителот може да поднесе предлог до судот за запирање на постапката за поделба.

Друштвото пред да се подели доставува годишна сметка заклучно со рокот определен во спогодбата. Рокот од спогодбата не може да биде покус од 3 месеци од денот на склучување на спогодбата.

Спогодбата мора да ја прегледа еден или повеќе овластени ревизори

Органите што ја склучиле спогодбата составуваат извештај во писмена форма во кој ги наведуваат подробностите регулирани во член 526 од ЗТД.

Најмалку 1 месец пред одржување на собрание за прифаќање на спогодбата, органите кои учествувале во делбата се должни да ги запознаат акционерите со спогодбата, годишната сметка за последните 3 години, годишната сметка согласно член 524 и извештај потврден од орган на управување на друштвата кои се делат, извештај на овластен ревизор и други значајни информации.

Спогодбата станува полноважна откако ќе ја прифатат акционаерите на собранието на друштвата. Одлуката за потврдување на спогодбата се носи со 2/3 мнозинството. Истовремено со одлуката за издвојување се носи и одлука за измена на статутот.

Погоре изнесеното Правно мислење изработено од Адвокатот Панче Нефтенов е Прилог број 2 кон овој Ивештај.

Ревизија на постапката на издвојување со преземање

Со член 520 став 1 од ЗТД (28/2004 ... 99/2022) е уредено дека органот на управување на друштвото коешто се дели со издвојување со преземање и органот на управување на друштвото коешто презема склучуваат спогодба во која ги усогласуваат условите под коишто ќе се изврши поделбата. Спогодбата се составува во форма на нотарски акт.

Со член 521 став 1 од ЗТД е уредено дека планот за поделба, со сите негови прилози, мора да биде составен во форма на нотарски акт.

Со член 525 од ЗТД е уредено дека:

1. Спогодбата, односно планот за поделба мора да го прегледа еден или повеќе овластени ревизори.
2. Извештајот за извршената ревизија мора да го содржи мислењето на ревизорите дали индексот на размената на акциите, односно на уделите е праведен и разумен. Во изјавата ревизорите мораат да наведат:
    1) кој метод, односно кои методи биле употребени за да се процени предложениот индекс на размена и кој метод е примарен;
    2) каков сооднос на размена би настанал со употреба на различни методи и која е релативната важност на секој од методите коишто се користени при утврдувањето на индексот на размената;
    3) дали користениот метод, односно методи се соодветни за размената и
    4) кои тешкотии, ако ги имало, се јавиле при проценатa и при вршењето на ревизијата.
3. Овластените ревизори имаат право од органите на управување да бараат да ги добијат сите информации и документи потребни за ревизијата и, ако е потребно, да спроведе и посебно испитување.
4. На одговорноста на овластените ревизори се применуваат одредбите на овој закон и на другите прописи со коишто се уредува ревизијата.

Имајќи ги во предвид погоре цитираните одредби од ЗТД, нашата обврска согласно цитираниот член од ЗТД и од член 1 алинеа 3 од Договорот ќе бидеме во состојба да ја реализираме во моментот кога ќе го добиеме нотарскиот акт за конкретната статусна промена, претходно одобрен од страна на Собранието на акционери на Охридтурист АД Охрид.

Даночни импликации од статусни промени

Имајки го предвид погоре изнесеното правно мислење, според кое, статусната промена со издвојување на ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид треба да се изврши согласно член 517 став 3 од Законот за трговските друштва, односно преку формата издвојување со преземање, бидејки ниту во договорот, ниту во пресудата е спомната можноста да ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид својот дел го пренесе на друг новооснован субјект кој би се издвоил со основање, во пракса тоа би значело дека дел од имотот на ОХРИДТУРИСТ АД Охрид би се пренел на ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид, како противвредност на износот на акциите кои ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид ги поседува во ОХРИДТУРИСТ АД Охрид.

Оттука, се поставува прашањето, дали постапката на пренос на дел од имотот на ОХРИДТУРИСТ АД Охрид на ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид како противвредност на акциите кои ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид ги поседува во ОХРИДТУРИСТ АД Охрид повлекува даночни импликации во смисла на данокот на имот, данокот на добивка и данокот на додадена вредност.

Согласно Автентичното толкување на член 25 став 1 точка 10 од Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ бр. 61.2004 ... 151.2021) објавено во Службан весник на РМ број 96/2019, одредбата од членот 25 став (1) точка 10) од Законот за даноците на имот треба да се толкува, така што, кога се спроведува статусна промена како присоединување, спојување и поделба на друштвата со која се врши и пренос на имот (недвижност) во капиталот на друштвата, се смета за вложување на недвижности во капиталот на трговските друштва со што даночните обврзници се ослободени од плаќање на данок на промет на недвижност.

Со членот 27 ставови 2 до 4 од Законот за данокот на добивка (Службен весник на РМ бр. 112/2014 ... 19/2023) е уредено следното:

- Ако кај даночниот обврзник настане статусна измена, се смета дека постои даночен континуитет доколку даночниот обврзник продолжува со дејноста, кое нема влијание на оданочувањето;
- Континуитетот во оданочувањето постои само ако при преносот на друштвото што превзема не дојде до промена во проценатa на вредноста на имотот и на обврските на друштвото што пренесува;
- Континуитет во оданочување не постои доколку со зголемувањето на проценетата вредност на имотот и обврските над сметководствената вредност, се зголеми основната главнина на друштвото што превзема, тогаш таквото зголемување се оданочува.

Согласно член 28 од Законот за данокот на добивка даночната основа се намалува за износот на извршените вложувања од добивката од претходната година (реинвестирана добивка).

Под реинвестирана добивка се подразбираат извршените инвестициски вложувања од добивката за развојни цели, односно вложувањата во материјални средства (недвижности, постројки и опрема), влучително и вложувањата во материјални средства набавени преку финансиски лизинг, како и во нематеријални средства (компјутерски софтвер и патенти) за проширување на дејноста на даночниот обврзник, освен вложувања во патнички автомобили, мебел, теписи, аудио визуелни средства, бела техника, уметнички дела од ликовната и применететата уметност и други вложувања кои служат за административни цели.

Доколку даночниот обврзник ги отуѓи средствата со кои се стекнал преку реинвестирање на добивката во рок од пет години од денот во кој е извршено инвестициското вложување го должи данокот кој би го платил кога не би го користел ослободувањето.

Според погоре изнесеното, произлегува дека при пренос на правото на сопственост на средствата за кои е користено даночно ослободување од член 28 од ЗДД (во рок од пет години од денот на нивното стекнување), при статусна промена (издвојување со преземање), даночниот обврзник го должи данокот кој би го платил кога не би го користел ослободувањето од член 28 од ЗДД.

Кога се работи за статусна промена - издвојување со преземање, при што, друштвото не престанува и акционерот на друштвото во рамките на дејствијата прима удели од друштвото што презема, во тој случај со преносот на имотот од постоечкото друштво на друштво што презема не настанува промет на добра во смисла на член 2 и 3 од ЗДДВ.

Управител и
Овластен ревизор и
Овластен сметководител

Антонио Велјанов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје

ПРИЛОГ 1

ПРИЛОГ 2

МИСЛЕЊЕ

во врска со отпочнување на постапката за делба ОХРИДТУРИСТ АД Охрид и Одлуката на Одборот на директори на друштвото за начинот на спорведување на делбата.

УВОД

Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид на сединцата одржана на ден 14.07.2023 година донесе одлука за отпочнување на постапка за статусни промени во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, а по предлог на акционерот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје. Согласно одлуката мојот мандат како правен советник е да го идентификувам видот на статусната промена која ќе резултира со издвојување на акционерот ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид, а согласно пресудата 57 ТС1.294/21 од 04.05.2022 година на Основниот граѓански суд Скопје.

ОСНОВ

Согласно пресуда 57 ТС1.294/21 од 04.05.2022 година на Основниот граѓански суд Скопје, се задолжува Трговското друштво за инженеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје да ја исполни обврската по договорот склучен со ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид од 14.09.2009 година на начин што ќе ги превземе сите потребни активности за да се отпочне постапка за структурални- статусни промени во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид со издвојување на тужителот ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид како акционер.

Пресудата, основот за структуралните статусни промени го црпи од договорот склучен помеѓу Трговското друштво за инженеринг и услуги во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје и ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид од 14.09.2009 година, а тоа е издвојување на тужителот ЕКСТРА СКОПСКО.

НАЧИН НА ДЕЛБА СОГЛАСНО ЗТД

Издвојувањето како форма на делба на акционерско друштво е определена во член 517 став 3 од Законот за трговски друштва, односно едно друштво може преку поделба дел од својот имот и од обврските да ги пренесе на едно или на повеќе новоосновани друштва(

Адвокатска канцеларија Нефтенов Панче, ул.Димитрие Чуповски бр.4/1-4 Скопје, тел: 3 124-028,
e-mail: neftenov@t-home.mk, advokat@neftenov.com ,
web: www.neftenov.com

во понатамошниот текст издвојување со основање) или на едно или повеќе постојни друштва (во понатамошниот текст издвојување со преземање).

Во конкретната ситуација она што не е познато за понатамошно постапување е прашањето, која од овие две форми ќе биде прифатена од страна на акционерот што се издвојува односно дали ќе се спроведува постапка за издвојување со основање на ново друштво или издвојување со превземање од страна на постоечко друштво.

При пренесување на дел од имотот намален за висината на обврските, преземачот на имотот-постоечкото друштво што се издвојува или новоосноваото друштво, во таа висина ќе добие удели односно акции во зависност од тоа во која форма друштвото ќе се трансформира.

СПОГОДБА ИЛИ ПЛАН ЗА ДЕЛБА

Во зависност од тоа дали станува збор за делба на на друштвото со издвојување со превземање или делба со издвојување со основање на ново друштво зависи и кој правен акт ќе се донесе.

Доколку станува збор за издвојување со превземање во тој случај се носи спогодба за делба, а доколку станува збор за издвојување со основање на ново друштво се носи план за делба регулиран во член 521 од ЗТД. И едниот и другиот акт се во форма на нотарски акт.

Од горенаведеното може да се заклучи дека за да се пристапи кон отпочнување на процедура согласно одредбите за делба согласно ЗТД најнапред треба да се знае дали издвојувањето ќе се врши со превземање од страна на постоечкиот акционер на што упатува цитираната пресуда или ќе се оди со издвојување и основање на ново друштво.

МИСЛЕЊЕ

Имајќи го во предвид диспозитивот на пресудата 57 ТС1.294/21 од 04.05.2022 година на Основниот граѓански суд Скопје, особено фактот што Основниот граѓански суд Скопје истата ја темелел на договор склучен на ден 14.09.2009 година помеѓу Трговското друштво за инженеринг и услуги во прометот М-б Светлана и останати ДОО Скопје и ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид, **на мислење сум дека во конкретниот случај статусната промена со издвојување на ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел ДООЕЛ Охрид треба да се изврши согласно член 517 став 3 од Законот за трговските друштва, односно преку формата издвојување со преземање.** Ова дотолку повеќе што ниту во договорот, ниту во пресудата е спомната можноста да ЕКСТРА СКОПСКО увоз извоз Косел

ДООЕЛ Охрид својот дел го пренесе на друг новооснован субјект кој би се издвоил со основање. Бидејќи станува збор за судска одлука сметам дека истата треба да се исполни во согласност со диспозитивот на истата.

ПРАВНИ АКТИ И ПОСТАПКА

Одлука за подлеба на друштвото носи Собранието на акционери со 2/3 мнозиство, а исто така и одлука за презамње на удел односно акции носи и друштвото кое се издвојува.

Друштво кое презема и друштвото кое се дели со издвојување, односно друштвата кои преземаат и друштвото што се дели со издвојување се супсидијарани солидарни должници на доверителите на друштвото кое што се дели. Издвојувањето односно повлекувањето на акциите се врши во согласност со спогодбата за делба.

Органот на управување на друштвото кое се дели со издвојување со преземање и органот на управување на друштвото кое превзема склучуваат спогодба во која ги усогласуваат ставовите под кои ќе се изврши поделбата со издвојување. Содржината на спогодбата е регулирана со член 520 од ЗТД.

Составен дел на спогодбата се:

- статутот на друштвото,

-листа на акционери на друштвото што се издвојува со преземање и

- список на вработени кои го продолжуваат работниот однос во друштвото кое што превзема.

Најдоцна еден месец пред одлучување на собрание на кое што се одлучува за прифаќање на спогодбата, органот на управување на друштвото што се дели со издвојување објавува во Службен весник на РМ и најмалку еден дневен весник известување за склучената спогодба со податоци наведени во член 522 од ЗТД.

Спогодбата и прилозите кои се составен дел на спогодбата се стават на увид на сите акционери во седиштето на друштвото. Спогодбата се доставува до Трговскиот регистар за да се изврши предбележба, а по извршената предбележба во Службен весник се објавува дека е извршена предбележба и дека спогодбата е дозволена за увид. Ако е утврдена обврска да се извести надлежен орган бидејќи во конкретниот случај акциинер е

Министерството за финансии со 14% од акциите на друштвото, сметам дека треба да се извести Министерството за намерата да се изврши статусна промена согласно член 522 став 4 од ЗТД.

Познатите доверители чии побарувања надминуваат 10.000 евра по писмен пат поединечно се известуваат за намерата да се изврши статусна промена.

Доверителите чии побарувања не се пристигнати, а сметаат дека нивните побарување со статусните измени ќе бидат загорзени, поднесуваат барања за обезбедување на побарувањата во рок од 30 дена од денот на објавување во службен весник.

Доколку во рок од 15 дена од поднесеното барање не го дадат побарањето обезбедување во рок од 8 дена доверителот може да поднесе предлог до судот за запирање на постапката за поделба.

Друштвото пред да се подели доставува годишна сметка заклучно со рокот определен во спогодбата. Рокот од спогодбата не може да биде покус од 3 месеци од денот на склучување на спогодбата.

Спогодбата мора да ја прегледа еден или повеќе овластени ревизори

Органите што ја склучиле спогодбата составуваат извештај во писмена форма во кој ги наведуваат подробностите регулирани во член 526 од ЗТД

Најмалку 1 месец пред одржување на собрание за прифаќање на спогодбата, органите кои учествувале во делбата се должни да ги запознаат акционерите со спогодбата, годишната сметка за последните 3 години, годишната сметка согласно член 524 и извештај потврден од орган на управување на друштвата кои се делат, извештај на овластен ревизор и други значајни информации.

Спогодбата станува полноважна откако ќе ја прифатат акционаерите на собранието на друштвата. Одлуката за потврдување на спогодбата се носи со 2/3 мнозинството. Истовремено со одлуката за издвојување се носи и одлука за измена на статутот.

Скопје 10.06.2024 година

АДВОКАТ
Адвокат Нефтенов Панче
ул Димитрие Чуповски бр. 4/1-4
Тел. 3124-028 Скопје

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Годишното Собрание на акционерите на друштвото на ден 04.09.2024 година **го РАЗГЛЕДА** Извештајот за извршени услуги изготвен од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје заведен под бр.0307/75 од 28.06.2024 година и ја донесе следната

О Д Л У К А
за одобрување на Извештајот од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје бр.0307/75 од 28.06.2024 година

1. **СЕ ОДОБРУВА** Извештајот за извршени услуги изготвен од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје заведен под бр.0307/75 од 28.06.2024 година и **СЕ ПРИФАЌА** мислењето наведено во Извештајот и тоа ,,статусната промена со издвојување да се изврши согласно член 517 став 3 од Законот за трговски друштва , односно преку формата издвојување со преземање,,.

2. **СЕ ОВЛАСТУВА** Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид да ги преземе сите дејствија за структурални – статусни промени во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, согласно прифатеното мислење во Извештајот за извршени услуги изготвен од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје .

3.Составен дел на оваа одлука е Извештајот за извршени услуги изготвен од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје заведен под бр.0307/75 од 28.06.2024 година.

4.Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

АД ОХРИДТУРИСТ –ОХРИД
ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

Т.6 Предлог одлука во врска со инвестициите превземи од закупецот Теди Комерц ДООЕЛ Охрид

ИНФОРМАЦИЈА

Во врска со точка 6 од предлог дневниот ред за Годишното собрание - Донесување на одлука во врска со инвестициите превземени од закупецот ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид

Во врска со точка 6 од предлог дневниот ред за Годишното собрание на Акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид закажано за ден 04.09.2024 година и со предлогот Собранието на акционери да донесе Одлука за превземените и извршени инвестиции од закупецот Теди Комерц ДООЕЛ Охрид според Договорот за закуп, се дава следната информација:

Помеѓу АД ОХРИДТУРИСТ Охрид како закуподавач и Теди Комерц ДООЕЛ Охрид како закупец склучен е Договор за закуп кој е во важност и е во правна сила.

Во постапка и врз основа на комуникацијата помеѓу договорните страни Закупецот ТЕДИ КОМЕРЦ и Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид одлучено е да се направи промена на договорните услови за закупот, пред се на износ и начин на пресметка на закупнина во натамошниот период на закупот вклучително и промена на износот наменет за инвестициони вложувања.

Во постапката и комунукациите на Одборот на директори и закупецот ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид закупецот ја има започнато инвестицијата во Хотелот Десарет и има превземено активности за реновирање, па имајќи ги во предвид започнатите и ппревземени работи и активност за реализација на инвестицијата Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид побара и одлучи да се ангажираат стручни технички лица со цел да се изврши увид во извршените работи во Хотел Десарет и да се утврди вредноста на извршените инвестициите од страна на ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид.

Од ангажирањето на стручната комисија на извршените инвестициони работи, призната е вкупна вредност на целокупната инвестиција извршена од ТЕДИ КОМЕРЦ во износ од 15.421.836,66 денари. На ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид како закупец му е призната договорна обврска негова вложена инвестиција износ од 3.084.367,73 денари и 12.337.4470,93 денари инвестиција на ТЕДИ КОМЕРЦ намената за компензација на закупнините во натамошниот период на траењето на закупот што би било утврдено со склучување на Анекс договор број 1 кон основниот склучен и во траење Договор за закуп.

Имајќи ги во предвид договорните обврски, ново прифатените обврски предвидени со Анекс договор број 1 кон Основниот склучен и во траење договор

за закуп како и изготвената Анализа од стручната комисија, Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, смета дека најцелисходно по однос на направените инвестиции на ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид и начинот на намирување на истите е Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид да одлучи за признавање на инвестицијата износ од 15.421.836,66 денари, на закупецот ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ Охрид призната договорна обврска и негова вложена инвестиција во износ од 3.084.367,73 денари и 12.337.4470,93 денари како инвестиција на ТЕДИ КОМЕРЦ намената за компензација на закупнините во натамошниот период на траењето на закупот кој следи по склучувањето на Анекс договорот број 1 кон основниот склучен и во траење договор за закуп.

АД ОХРИДТУРИСТ Охрид
Генерален директор
Оливера Ставрова

Краток преглед на документите за извршениот надзор над работите во хотел Десарет

Извештајот од надзор е побаран од Наемодавачот „Охрид турист“ за да се оцни вредноста на изведените работи за реконструкција на „Десарет“

Извештајот содржи:

2.Технички опис во кој е појаснета методологијата на проценување. Предмер пресметката добиена од Наемателот е нестандна и нејасна, без цени по единица производ и со нточни количини. Извршени се мерења на количини и направена е анализа на пазарот за да се добијат реални пазарни цени.

3. EXCEL PONUDA OD JOFI KOREKCII-KOLICINI.xlsx За споредба на понудата од Наемателот со реалните количини треба да се прегледа ексел документот

4.1 DESARET-PREDMER-MERENJA-KOL.xlsx ги содржи сите измерени количини, 4.2 цртежите се за прегледно појаснување

5.1 TO Desaret dopolna.docx е документ во кој се појаснува , согласно правилникот за тековно и инвестиционо одржување кои работи во која категорија спаѓаат.

5.2 е Правилнкот за тековно и инвестиционо одржување

6.EXCEL PONUDA Koregirano 16.04.2024.xlsx е пресметка во која се разложени соглано добраа пракса во градежништво работите со описи и мерени количини и споредба на пазарнии понудени цени на работите. Ниедна понуда со пониски цени од пазарните не е корегирана. Направена е поделба кои работи се тековно одршување, кои се инвестиционо одржување а кои се реконструкција и санација.

7. Прилог- комплетните документи доставени на увид од Наемателот.

Напомена:

Постојат позиции за кои ако надзор не можеме да се изјасниме дали треба да влезат во тековно или инвестиционо одржување. И при нашата прва посета вратите, первазите и плочките беа извадени. Процена, точна, не е можно да се направи. Можеби тековно одржување било можно и пожелно.

Овој став го образложуваме со тоа дека:

Замената би била помалку спорна ако е изведенасо материјали од ист квалитет, што не е случај.

Дизајнот на извадените елементи е постар, што може да биде и маана и предност; оригиналниот квалитет е неспорно многу подобар од ново вградениот,

Степенот на оштетување, кој би бил императив за замена, е неможно да се процени после отстранувањето.

Лидија Стојанова д.г.и.

Бојан Атанасов д.г.и.

Технички опис за изврешената процена на чинење на работите изведени за реконструкција на едно крило од хотел Десарет, Пештани

За работите на реконструкција на Десарет, Наематело „Јофи Ексклузив“ доставил до Наемодавачот „Охрид Турист“ предмер пресметка за работите кои планира да ги изведува или чија изведба е во тек.

На барање на Наемодавачот направивме:

1. контрола на понудата и споредба на понудените со изведените работи на лице место во смисол на количини
2. Контрола и споредба на понудените единечни цени со пазарните цени

Пресметката на Количините на работите е заснована на мерења на количините кои се направени според мерки земени на лице место и изработен виртуелен 3д модел на објектот.

Постојат:

Две единици за вертикална комуникација скали и лифтови едната е на север другата на југ, подовите се од мермерни плочки ѕидовите се обработени со молерај.

На приземје големо лоби со повеќе содржини на кота +0,00, со под од мермер, на север и на југ од лобито два ходници на кота +0,60 со подови од теписон кој се менува со ламинат

На први кат на кота +3,60 и на 2-ри кат на кота +6,40 имаме два ходници со подови од теписон кој се менува со ламинат и кои се разделени со малото лоби пред скалишниот/лифтовски простор на јужната страна

Вкупно има 112 хотелски единици.

ХОДНИК 2-ри Кат				
ПОД.ПОВ	ПЕРИМ (со скали)	X		
м2	м'	м'		
227.28	308	2.8	Замена на теписон со ламинат	Молерисување на ѕидови 75% од површината и Глетовање со молерисување 25% од површината
ХОДНИК 1-ви Кат				
ПОД.ПОВ	ПЕРИМ (со скали)	X		
м2	м'	м'		
238	308	2.8	Замена на теписон со ламинат	Молерисување на ѕидови 75% од површината и Глетовање со молерисување 25% од површината
ХОДНИК ПРИЗЕМЈЕ СОБИ				
ПОД.ПОВ	ПЕРИМ (со скали)	X		

м2	м'	м'		
75	92	2.8	Замена на теписон со ламинат	Молерисување на ѕидови 75% од површината и Глетовање со молерисување 25% од површината
ЛОБИ				
ПОД.ПОВ	ПЕРИМ (со скали)	X		
м2	м'	м'		
757.5	159	3.4		Молерисување на ѕидови 75% од површината и Глетовање со молерисување 25% од површината

Сите работи во предмерот од Наемателот се дадени или како паушал, една сеопфатна цена за сите работи од таков вид во објектот или се врзани со бројот 110, што во консултација со „Јофи Ексклузив“ е разјаснето дека се однесува на бројот на хотелски единици. Овој број е погрешен постојат 112 единици, 108 соби и 4 апатртмани. На приземје кат 1и 2 постојат 22+44+42 типични соби и 2+2 апартмани со по две соби.

Во ходниците, изведените работи за подовите и затварање со прозори и врати се дадени во табелата подолу. Заклучок е дека во премер пресметката од Наемателот овие позиции не се земени во предвид, ниту за подовите ниту за застаклување. Единствено позицијата 4.1 за молерај во која се опфатени Кнауф надвратниците а е паушал сметаме дека ги опфаќа молерските и слични работи за целиот објект.

Во табелите кои следат е дадено кои се мерените количини, поделени на ходници и хотелски единици за полесно споредување со оригиналниот предмер-пресметка.

	кат2	кат1	кат0			
	1	1	1			количина
Вадење на теписон	230.	238	216			
Поставување на ламинат врз филц со потребни лајсни	230.	238	216			
Вадење на врати						
Вадење на балконски врати и прозори	12 број	14 број	10 број			36
Поставување на влезни вратиПВЦ 3000/2400			1 број			1
Поставување на портал ПВЦ 6000/3000			1 број			1
Поставување на ПВЦ балконска врата со фиксен надпрозор 750/2800	1 број	3 број	2 број			6
Поставување на ПВЦ балконска врата со фиксен надпрозор 1550/2800	2 број	2 број	2 број			6
Поставување на ПВЦ прозор 75/135	8 број	8 број	3 број			19

Поставување на ПВЦ прозор 155/175	1 број	1 број				2
Поставување на ПВЦ прозор 155/240			1 број			1

За секоја хотелска единица се направени поделе опишаните позиции:

	Соба1	Соба2	Соба3	Соба4	апартман	
броја на соби	83	18	4	3	4	количина
Вадење на теписон	17,5 м2	17,5 м2	17,5 м2	17,5 м2	38,85 м2	
Поставување на ламинат врз филц со потребни лајсни	17,5 м2	17,5 м2	17,5 м2	17,5 м2	38,85 м2	
Вадење на врати						
Вадење на внатрешни врати	2 број	2 број	2 број	3 број	5 број	239
Вадење на балконски врати и прозори	1 број	2 број	3 број	1 број	3 број	146
Поставување на влезни внатрешни врати	1 број	1 број	1 број	1 број	1 број	112
Поставување на други внатрешни врати	1 број	1 број	1 број	2 број	4 број	127
Поставување на ПВЦ балконска врата со фиксен прозор 860/2420+1380/1570	1 број	1 број		1 број	2 број	112
Поставување на ПВЦ балконска врата 730/2100			1 број			4
Поставување на ПВЦ прозор 750/1350		1 број	2број			26
Поставување на ПВЦ прозор 750/850					1 број	4
Лепење подни плочки во купатило	3,20 м2	3,20 м2	3,20 м2	3,20 м3	3,20 м2	
Лепење ѕидни плочки во купатило	15,60 м2	15,60 м2	15,60 м2	15,60 м3	15,60 м2	
Поставување на армстронг плафон во купатило	3,20 м2	3,20 м2	3,20 м2	3,20 м3	3,20 м2	
Поставување на спуштен плафон од гипскартон влез пред купатило	3,85 м2	3,85 м2	3,85 м2	3,85 м3	11,15 м2	
Молерисување	44,5 м2	44,5 м2	44,5 м2	44,5 м3	98 м2	
Глетување со молерисување ѕидови	3,65 м2	3,65 м2	3,65 м2	3,65 м3	8м2	

Споредбена excel датотека во која се дадени количините од Јофи и точно измерените количини е во прилог. Цел е да се добие престава дека поради неточностите во мерењето/броењето имаме во старт разлика во цена, т.е. понудата од Јофи би требало да е повисока согласно цените во десните три колони (тоа е приближно оценување, служи за појаснување дека при понудените првични цени, а без да се прави анализа на цените само кога ќе се корегираат количините треба во старт да се смета со некои 1,600,000.00 ден повисока сума сса.)

Понатаму во втор excel е дадена пресметка со точни количини и цени од понудата на Јофи и споредба со пазарните цени дефинирани за единица производ според просек од најмалку три реални понуди од Изведувачи или треговци.

Доколку цената на работите од Наемателот е пониска од пазарните цени истата не се корегира, би било неразумно да се плаќа повеќе одошто е побарано за некоја позиција. Таквите позиции се обележани со сино.

Доколку количината која ја навел Наемателот е неточна означена е со црвено. За овие позиции Наемателот има право да бара зголемување пропорционално на реалао измерената количина. Пр. ако пишува замена на плочки во купатило бр 110, и цената е 2,200,00.00 ден а реално имаме 112 купатила на Наемателот ќе му се признае 2,200,000/110*112=2,240,000.00 ден. После нова контрола сите количини ќе бидат поправени и прифатените цени, иако се со сино означени, ќе бидат зголемени/намалени согласно реално мерените количини. Разликата е некои +2% , најчесто освен за вратите и прозорите каде бројот е некаде и за повеќе од 20% погрешен.

За позициите кои се со повисока цена од утврдената просечна пазарна цена е дадена цена на чинење која е производ од цена за единица производ * мерената количина.

За цената за замена на плочките на базенот, дното и партерот, се прифаќа цената понудена од Наемателот од 1,642,000.00. Не инсистираме на разглобена понуда поради: Цената заснована на испитување на пазарот би била: за плочките на партерот земена иста како за плочките во купатила. За плочките на дното цената е дефинирана просечно 16.5 €/m2 за работна рака и лепак и 15€/m2 за плочките. Тоа дава сума од 2,233,320.00 ден

Од Наемателот, пред 20-тина дена, е побарано да ја појасни позицијата останати работи, која во целост беше отфрлена поради нејаснотија на што се однесува. Добивме нејасна збирка на фактури и помалку збркан опис на позиции во истите. Од приложените нестандардни документи во предмерот како разглобување на позицијата Останати работи под точка 9. се разглобени поситни позиции.

Сите барања за китови, шрафови, се отфрлени, сите такви работи се содржат во описот: *„набавка, транспорт и вградување...“*.

Побарувањата за вентилчиња, светла, замени на филтерски песок итн... се тековно одржување, одат на сметка на Наемателот.

Работите за припрема за поставување на плочки во и околу базенот, **за набавка и поставување на подни лајсни за спојот помеѓу различни материјали,** набавка на прозорски банци се инвестиционо одржување, треба да се платат како такви.

Квалитетот на изведените работи е секаде задоволителен, за некои позиции е добар квалитет а особено самото вградување на материјалите е понекаде со натпросечно добар квалитет.

Се препорачува проверка и поправка на покривите.

Кавадарци
15/04/2024

Стојанова Лидија дипл. град. инж
Атанасов Бојан дипл. град. инж

	Соба1	Соба2	Соба3	Соба4	апартман	
броја на соби	83	18	4	3	4	количина
Вадење на теписон	17,5 м2	17,5 м2	17,5 м2	17,5 м2	38,85 м2	
Поставување на ламинат врз филц со потребни лајсни	17,5 м2	17,5 м2	17,5 м2	17,5 м2	38,85 м2	
Вадење на врати						
Вадење на внатрешни врати	2 број	2 број	2 број	3 број	5 број	239
Вадење на балконски врати и прозори	1 број	2 број	3 број	1 број	3 број	146
Поставување на влезни внатрешни врати	1 број	1 број	1 број	1 број	1 број	112
Поставување на други внатрешни врати	1 број	1 број	1 број	2 број	4 број	127
Поставување на ПВЦ балконска врата со фиксен прозор 860/2420+1380/1570	1 број	1 број		1 број	2 број	112
Поставување на ПВЦ балконска врата 730/2100			1 број			4
Поставување на ПВЦ прозор 750/1350		1 број	2број			26
Поставување на ПВЦ прозор 750/850					1 број	4
Лепење подни плочки во купатило	3,20 м2	3,20 м2	3,20 м2	3,20 м3	3,20 м2	
Лепење sидни плочки во купатило	15,60 м2	15,60 м2	15,60 м2	15,60 м3	15,60 м2	
Поставување на армстронг плафон во купатило	3,20 м2	3,20 м2	3,20 м2	3,20 м3	3,20 м2	
Поставување на спуштен плафон од гипскартон влез пред купатило	3,85 м2	3,85 м2	3,85 м2	3,85 м3	11,15 м2	
Молерисување	44,5 м2	44,5 м2	44,5 м2	44,5 м3	98 м2	
Глетување со молерисување sидови	3,65 м2	3,65 м2	3,65 м2	3,65 м3	8м2	

	кат2	кат1	кат0			
броја на соби	1	1	1			количина
Вадење на теписон	230.97	235.97	215.965			
Поставување на ламинат врз филц со потребни лајсни	230.97	235.97	215.965			
Вадење на врати						
Вадење на балконски врати и прозори	12 број	14 број	10 број			36
Поставување на влезни вратиПВЦ 3000/2400			1 број			1
Поставување на портал ПВЦ 6000/3000			1 број			1
Поставување на ПВЦ балконска врата со фиксен надпрозор 750/2800	1 број	3 број	2 број			6
Поставување на ПВЦ балконска врата со фиксен надпрозор 1550/2800	2 број	2 број	2 број			6
Поставување на ПВЦ прозор 75/135	8 број	8 број	3 број			19
Поставување на ПВЦ прозор 155/175	1 број	1 број				2
Поставување на ПВЦ прозор 155/240			1 број			1

Понуда од Изведувач (наемателот)			количини по понуда од Изведувач				корекција на мерени количини		
Предмер Пресметка за фаза грдежни и градежно-занаетчиски работи									
бр.напоз.									
	Описнапозиција	Единечна мерка	Количина од предмет	Единечна цена (МКД)	Вкупна цена (МКД)		мерена Количина од предмет	претпоставена единечна цена, спрема понуда за слични позиции	пресметана вкупна цена, според цени на Јофи и стварни количини
	1.Набавка наплочки								
	Демонтажа на купатила од кои градежниот шут и непотребните демонтирани материјали се отстрануваат до депонија на 20км со истовар								
		Паушал	110.00	2,000.00	220,000.00		112.00		224,000.00
	Превозот го изврши фирма Манди транс		1.00		11,800.00				11,800.00
1.1									
	Набавкатранспорт,поставување на зидни и подни керамички плочки,прваклаcа во тоалетите, аплицирани со фуги поставени поцела спратна висина. Предпоставувањето на плочките површините се премачкуваат со цересит лепак какоо снова.(Дезен и колорит на плочките по избор на инвеститорот).								
		м2	110.00	21,467.00	2,361,370.00		112.00		2,404,304.00
